МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА

март 2025 година

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Министерството за образование и наука за 2024 година, беше подготвен во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија содржани во Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 -2028 година (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 256/23):

- Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот;
- Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критичко размислување базирано на анализи и факти
- Образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот;
- Изградба, реконструкција, санација и обезбедување на енергетска ефикасност на студентските домови и подобрување на студентскиот живот и стандард на младите
- Дигитална поврзливост и ИКТ инфраструктура (обезбедување гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на Владина ИКТ инфраструктура и развој на Национална образовна ИКТ инфраструктура
- Афирмација и унапредување на културата на припадниците на заедниците и развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците и
- Поддршка на економијата преку зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите.

Со стратешки план на Министерството за образование и наука за 2024-2026 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 5 програми и 15 потпрограми. За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2024 година ги дефинираше потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование
2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Ученички стандард

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

**ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

**ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

**Потпрограми:**

2.5.1 Развој на неформалното образование на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

## 2.1 Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите од Стратешкиот план:

<table>
<tr><td colspan="2">Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:<br><br>Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:</td><td colspan="2">„Подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот”<br><br>• Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал</td></tr>
<tr><td colspan="2">КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ<br><br>Потпрограми:<br>• Зголемување на постигањата на учениците во основното образование<br>• Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование<br>• Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта<br>• Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта</td><td>Цел на програмата/потпрограмата<br>- Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно образование и зголемување на опфатот на ученици</td><td>Одговорен:<br>Сектор за основно образование</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/Активност:</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td colspan="4">ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование</td></tr>
<tr><td>Мерка: Сукцесивна имплементација на</td><td>Појдовна основа</td><td>Мерката е во тек на реализација</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| **новата Концепција за основно образование (за седмо и осмо одделение)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Подготовка на наставниците од седмо одделение од страна на БРО<br>- Воведување на новите наставни програми за седмо одделение од учебната 2024/2025<br>- Подготовка на наставните програми за осмо одделение<br>- Донесување на наставните програми од страна на министерот | Донесена е нова Концепција за основно образование, чија имплементација е сукцесивна<br>Донесени се Национални стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Имплементирана е новата Конепција за основно образование<br>Донесени се нови наставни програми врз основа на националните стандарди за учениците во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементирана е новата Концепција за основно образование во седмо одделение во учебната 2024/2025;<br>Донесени се нови наставни програми врз основа на националните стандарди за учениците во основното образование за осмо одделение | На предлог на МОН, од страна на Владата донесен е заклучок за одложена примена на Концепцијата за основно образование, за седмо, осмо и деветто одделение, поради потребата од спроведување на консултација со стручната јавност.<br><br>Врз основа на спроведената јавна расправа во текот на месеците јули-октомври 2024 и добиените коментари утврдена е потреба од промена и дополнување на Концепцијата во делот на интергацијата на предметите од природните науки, соодветно на тоа и во наставните програми по природни науки, и историја и општество. Бирото за развој на образованието подготви Предлог измени и дополнувања на Концепцијата за основно образование, вклучително измени и дополнувања во III Дел: Наставен план за основното образование (стр. 47-48) од Концепцијата за основно образование, кои се донесени од страна на министерката за образование и наука. Измените и дополнувањата на Концепцијата се донесени со решение бр. бр.12-5706/4 од 6.11.2024.<br><br>На 10.7.2024, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието започнаа јавна консултација за наставните програми за седмо, осмо и деветто одделение, со цел засегнатите страни, особено наставниците, да имаат можност да се запознаат со наставните програми и, доколку имаат сугестии и предлог решенија за евентуални промени во нацрт наставните програми за седмо, осмо и деветто одделение, да дадат свое аргументирано мислење за нивно подобрување. Имено, Владата ја одложи имплементацијата на Концепцијата за основно образование во седмо, осмо и деветто одделение за учебната 2024/25 година поради реакциите во јавноста, особено за интегрирањето на одделни наставни предмети, што предизвика отежнување во организацијата и реализацијата на наставата.<br><br>Од страна на БРО израбоени се нови наставни програми по биологија, хемија, географија, граѓанско образование за седмо одделение. Во предметите од мајчините јазици и математика не се извршени промени. Наставните програми за седмо оддление ќе се применуваат од учебната 2025/2026 година, за осмо одделение од учебната 2026/2027 година.<br><br>На 15.7.2024, Бирото за развој на образованието донесе Насоки за планирање, организација и реализација на наставата во основното образование во учебната 2024/25 година. Насоките се објавени на веб страната на БРО и доставени до сите училишта. | |
| **Мерка: Развивање дигитален образовен екосистем** | **Појдовна основа**<br>Донесен е Концепт за развивање на систем за образование од далечина | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Завршена е постапката за избор на економски оператор за воспоставување | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Воведување нов ЕМИС<br>- Континуирано ажурирање на порталот Едуино со нови видео содржини/лекции<br>- Континуирано одржување и надградба на националната платформа за образование на далечина<br>- Набавена е мрежна и ИКТ опрема за најмалку 35 училишта<br>- Развиение се дигитални, интерактивни учебници за седмо одделение<br>- Континуирани обуки за наставниот кадар | **Показател за успешност:**<br>Развиен е дигитален образовен екосистем (унапредени се дигиталните системи, вклучително и системот за учење на далечина, набавена е опрема за училиштата, развиени се дигитални, интерактивни учебници..).<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Развиен е дигитален образовен екосистем (воведен е нов ЕМИС систем, набавена е опрема за 35 нови училиштата, развиени се дигитални, интерактивни учебници за седмо одделение) | на нов ЕМИС систем и започнати се активностите за негово пилотирање во 8 училишта.<br><br>Изработена е мобилна верзија за е-дневникот (за андроид и ајфон корисници).<br><br>Спроведена е набавка на информатичка технологија и мрежна инфраструктура за нови 35 основни училишта (финансирани со заем од Светска банка). Набавката вклучи безжични пристапни точки преку кои се овозможува интернет пристап во сите училници, кабинети, канцеларии, спортски сали и придружни објекти, заштитни firewall- уреди, кои гарантираат безбеден пристап, со тоа што истите се приклучени на централен систем за управување во МОН кој го контролира пристапот до содржините на интернет, оневозможувајќи отворање на веб сајтови што на глобално ниво се означени како страници со несоодветна содржина.. На 21.11.2024 во рамки на ПЕИП проектот објавена е постапка за набавка на информатичка технологија и друга опрема за подобрување на мрежната инфраструктура во 20 основни училишта, со рок на поднесување на документи до 20.12.2024. Започната е евалуација на пристигнатите понуди.<br><br>Завршена е постапката за изнајмување на облак (cloud) платформа на хостирање на системите на МОН.<br><br>Поништена е постапката за набавка за одржување и надградба на платформата за дититалните, интерактивни учебници за четврто, петто и шесто одделение., согласно Законот за јавни набавки.<br><br>На 10.12.2024 во рамки на ПЕИП проектот, на веб страната на МОН објавен е повик за ангжаирање на Индивидуален консултант за утврдување на дигиталните вештини кај наставниците, со рок на пријавување до 24.12.2024г. | |
| **Мерка: Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (за учениците од прво до шесто одделение)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Поднесување на барања за нови согласности од страна на училиштата<br>- Издавање на согласности од страна на МОН и МФ | **Појдовна основа**<br>Во некои училишта бројот на ученици во паралелка е поголем од 30, што влијае на квалитетот на наставата<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Обезбедени се согласности за намалување на бројот на ученици во паралека од прво до шесто одделение, за учебната 2024/2025 година | **Мерката е реализирана**<br><br>Завршена е постапката и обезбедени се согласности согласно утврдените потреби на училиштата. Сите паралелки во основно образование од прво до шесто одделение се со максимум 30 ученици. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка: Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, врз основа на Програмата утврдена од министерот, на предлог на БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Развој на алатки/инструменти за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците | **Појдовна основа**<br>Донесена е Програма за професионална ориентација на учениците<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Развиени се инструменти за професионална ориентација | **Мерката е во тек на реализирација**<br><br>Програмата се спроведува од страна на училиштата. Не се развиени алатки/инструменти за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците.<br><br>Во Каталогот на обуки на БРО акредитирана е програма за наставницие на тема Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и сл.) и програма за стручните соработници на тема: Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој.<br><br>Во месеците јули и август се спроведе третата фаза на обуки на наставници и стручни соработници (8 часа обука) од Каталогот на акредитирни програми.<br><br>Во соработка со ЕТФ (Европската тренинг фондација) се спроведува програма за кариерно советување насочена за основните и средните училишта | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на училишта, изградба на нови училишта (Чашка, с.Селце, Тетово....), изградба на училишни спортски сали и реконструкција на постојните сали, подобрување на инфраструктурните услови за пристап на ученици со попреченост, подобрување на условите за учење преку зелена енергија – Банка на Совет на Европа)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта (продолжување со изградба на отпочнатите и почнување со изгадба на нови објекти), изградба на нови училишни спортски сали и реконструкција на постојните сали | **Појдовна основа**<br>Има потреба од подобрување на условите во некои училишта особено во руралните средини.<br>Има училишта кои немаат училишна спортска сала<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се условите за учење во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени се инфраструктурни услови во училиштата преку изградба/доградба на училишни објекти, реконструкција на училишта и изградба и реконструкција на училишни спортски сали | **Мерката е реализирана**<br><br>На 220-та седница на Владата, одржана на 16.1.2024г. донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2024 („Службен весник” бр.15/24 од 23.1.2024)<br><br>На 3-та седница на Владата, одржана на 6.2.2024г. донесена е Програма за изменување на Програма за изградба и реконструкција на основни училишта во 2024 („Службен весник” бр.31/24 од 10.2.2024) со која износот за изградба и реконструкција на основни училишта се зголемува од 395.000.000 на 493.500.000 мкд.<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2024 година (објавен на системот на БЈН на 24.1.2024), во кој се вклучени капитални инвестиции.<br><br>Завршени се со изградба 3 нови училишни објекти: доградба на училишен објект во с.Долно Јаболчиште, Чашка, доградба на училишен објект во ООУ Св. Кирил и Методиј во с.Кучевиште, Чучер Сандево и доградба на училишен објект во ООУ Санде Штерјоски, Кичево. Четири училишта се во фаза на доградба и надградба (изградба на нов училишен објект за ООУ Рилиндја во с. Селце, Тетово; доградба на ОУ „Александар Урдаревски“, Чучер Сандево; доградба на училишен објект на ООУ Ацо Шопов, Радишани, Бутел и изградба на нов училишен објект во с.Баница, Чашка) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Завршена е и реконструкцијата на вкупно 74 училишни објекти, а во тек е реконтрукција на 10 основни училишта. Согласно ЗЈН објавени се постапки за реконструкција на уште четири училишта.<br><br>На 10.12.2024 во рамки на ПЕИП проектот објавена е постапка за реализација на мали градежни зафати за подобрување на училишна инфраструктура во 11 основни училишта на територијата на Р.С.Македонија, со рок на поднесување на понуди до 10.1.2025г.<br><br>Завршена е постапката за набавка на клупи и столчиња за потребите на основните и средни училишта во РСМ и истите се доставени до училиштата согласно спецификацијата.<br><br>Заврши изградбата на една училишна спортска сала во ООУ Нури Мазари – с. Делгожди, Струга а започната и во тек е изградба на две сали ОУ „Зини Хани”, с.Велешта, Струга и ОУ „Рилиндија”, с.Лијане, Липково.<br><br>По однос на добиениот грант од Банката за развој при Советот на Европа, за реконструкција на 30 постоечки училишни спортски сали во основни и средни училишта, во четвртиот квартал заврпи реконструкција на 10 сали.<br><br>На 27-та седница на Владата, одржана на 22.10.2024г., донесен е заклучок за обезбедување на заем од Банка за развој при Совет на Европа за изградба на нови училишни спортски сали во основните и средните училишта, во вредност од 20 милиони евра. Од страна на МОН и МФ доставено е официјално барање до Банката.<br><br>Врз основа на одобрениот грант за „Подобрување на условите за учење во училиштата во Република Северна Македонија преку зелена енергија“ од Зелен социјален инвестициски фонд (GSIF ) основан од Банката за развој при Советот на Европа - ЦЕБ , Владата на 23-та седница одржана на 1.10.2024 го утврди текстот на Договорот помеѓу МОН и Банката. Договорот е официјално потпишан на 7.10.2024. Започната е подготовка на листа на училишта и поднесено е барање до ЕВН за утврдување на енергетски капацитет/ можности.<br><br>На првиот повик на Владата за распределба на капиталите дотации за инфраструктурни проекти на општините и општините во Градот Скопје во областа на образованието и науката донесени се седум одлуки за доделување на средства на општините за модернизација на образовна инфраструктура (Кисела Вода, Битола, Гази Баба, Боговиње, Тетово, Липково и Кичево). | |
| **Мерка: Имплементација на Концепција за државно тестирање** | **Појдовна основа** | **Мерката е реализирана** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Стручна расправа по Извештајот од главното тестирање за учениците од трето одделение<br>- Изготвување на извештај од спроведеното пропбно тестирање на учениците од петто одделение во 2023<br>- Изготвување на рамка за оценување и инструменти за оценување (тестови и прашалници)<br>- Спроведување на главно тестирањето за учениицте од петто (мај - јуни 2024)<br>- Обработка на податоци за изготвување на Извештај | Донесена е Концепција за државно тестирање во основното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведено е државното тестирање за ученици од петто одделение | На 29.1.2024 со претставници од МОН, БРО, ДИЦ, универзитетски професори, наставници, претставници од Светска банка, Уницеф, УСАИД... се одржа стручна расправа по однос на резултатите од главното тестирање за учениците од трето одделение.<br><br>Во месец јануари 2024 (11-ти и 12-ти) се спроведе обука за тестаторите /оценувачите по мајчин јазик и математика и за вработените во ДИЦ од страна на експертскиот тим од Аркидата за анализа на податоците од пробното тестирање во петто одделение. Во текот на месеците февруари и март се спроведуваше анализа на тестовите од пробното тестирање и подготовка на задачите за главното тестирање. На 14 и 15 март се одржа работилница за избор на задачи/прашања за тестовите по математика.<br><br>Во месец јуни 2024 се спроведе Националното тестирање (главно тестирање) за учениците во петто одделение за математика и мајчин јазик (македонски и албански јазик). Во третиот квартал внесени се сите податоци од Државното тестирање кое се спроведе во месец јуни 2024, за учениците во петто одделение за математика и мајчин јазик (македонски и албански јазик), и започната е обработка на податоците.<br><br>Извештајот со резултатите ќе биде изготвен до крај на 2025 година. | |
| **Мерка: Учество во меѓународни тестирања (TALIS 2024)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објава на резултатите од меѓународното тестирање TIMSS 2023<br>- Учество во TALIS 2024 | **Појдовна основа:**<br>Република Северна Македонија учествуваше во меѓународното тестирање TIMSS 2023<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведено е државното тестирање за ученици од петто одделение<br>Објава на резултатите од TIMSS 2023<br>Учество во TALIS 2024 | **Мерката е реализирана**<br><br>Спроведено е ТАЛИС, меѓународното истражување на ОЕЦД за настава и учење. Во рамки на истражувањето се испитува како работат наставниците и директорите на училиштата во државата, со цел да се подобри квалитетот на нивната работа. Во месец февруари доставени се податоци до ОЕЦД и започната е анализата<br><br>На 4 декември 2024г, објавени се резултатите од Извештајот ТИМС 2023. Во математичка писменост од 58 држави, нашите ученици се на 44 место. Во природни науки сме три места подолу, односно на 47 место. ТИМСС тестирање беше спроведено во 2023 година, по петти пат во нашата држава. Тестирани беа ученици од четврто одделение, на македонски и на албански јазик и за прв пат електронски. ДИЦ подготви и анализа на податоците која се презентираше на претставници од МОН. Во тек е подготовка на национален извештај во кој ќе бидат дадени и препораки за подобрување на резултатите.<br><br>МОН потпиша договор за вклучување на РСМ во ПИРЛС 2025. Отпочнат е процесот на избор на примерок на училишта и превод на инструменти. | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на наставните средства и дидактички** | **Појдовна основа:** | **Мерката е реализирана** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **материјали – донесување на ново законско решение**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование<br>- Изработка и донесување на Концепција за учебници и други наставни и дидактички материјали и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали<br>- Изработка на учебници согласно новите наставни програми | Во тек е изготвување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали за основно и средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Учениците во основното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за учебници, наставни и дидактички материјали<br>Усвоени се Концепција за изработка и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали | Формирана е Работна група која подготви нов предлог Закон за учебници во основното и средното образование. Законот на 30.10.2024 е поставен на владиниот ЕНЕР систем (Електронски национален регистер на прописи) и веб страната на МОН со цел сите заинтересирани граѓани да дадат свои коментари и забелешки.<br><br>Во предлог законот се интегрирани сугестиите на издавачките куќи во Македонија со чии претставници, раководството на МОН и на Педагошката служба имаа конструктивна работна средба.<br><br>Новиот закон обезбедува изработка на учебници со поквалитетна содржина, намалување на веројатноста за појава на грешки, какви што беа нотирани до неодамна и ја поедноставува постапката за набавка, со цел навремена испорака во училиштата.<br><br>Законот за учебници во основно и средно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024.<br><br>Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието. Изготвени се предлог подзаконските акти, кои произлегуваат од Законот.<br><br>Имајќи предвид дека е донесено Решение за одложна примена на Концепцијата за основно образование (за седмо, осмо и деветто одделение), запрени се и постапките за одобрување нови учебници за седмо одделение за учебната 2024/2025 година. Од страна на БРО изработени се материјали за учење за предметите историја и општество за петто и шесто одделение, историја, географија и босански јазик за седмо одделение и македонски јазик за заедниците од шесто до деветто одделение. Обезбедени се учебници за сите ученици за сите предмети (со исклучок на странските јазици) пред почетокот на учебната 2024/2025 година.<br><br>Врз основа на јавната расправа за наставните програми за седмо одделение, не се пристигнати забелешки за програмите за предметите математика, македонски јазик за учениците од другите заедници, македонски јазик, албански јазик, српски јазик, босански јазик, турски јазик донесени се решенија за продолжување на постапките за одобрување нови учебници за овие предмети за седмо одделение за учебната 2025/2026 година.<br><br>На 26.11.2024 објавен е Повик за учество во унапредување на содржината на учебниците од прво до трето одделени, во насока на подобрување на квалитетот на учебниците и исправка на технички и евентуални стручни грешки, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Педагошката служба ги повикаа сите наставници и целата стручна јавност, да ги доставаат забележаните грешки во учебниците за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | учениците во основното образование од I до III одделение, на посебен образец со рок на доставување на забелешки до 15.12.2024 На посебно назначените маил адреси доставени се околу 15тина забелешки. | |
| **Мерка: Ревизија на мрежата и имплементација на новата формула за финансирање на основните училишта (зајакнување на капацитетите на општините, отворање на нов училишен субјект во општина Чашка)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на уредби за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за основно образование по општини за 2025 година, согласно новата методологија (формула) за финансирање што во основа се базира на трошоци по стандард и оптимизација на мрежата на училишни објекти, според моделот за воведување на новите формули за блок дотации за основно и средно образование | **Појдовна основа:**<br>Моделот за финансирање на основните училишта е застарен и не ја отсликува реалната состојба и потребите на училиштата<br><br>Мрежата на основни училишта не е оптимизирана согласно реалните потреби за квалитетно образование и води кон неефикасно трошење на средствата наменети за образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Воведен е нов модел за финансирање<br><br>Започнат е процесот на оптимизација на училишната мрежа<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Започната имплементација на новиот модел за финансирање на основните училишта и реорганизација/оптимизација на мрежата на училишта | **Мерката е во тек на реализацијата**<br><br>Одржани се 3 регионални состаноци со градоначалниците, министерката за образование и амбасадорката на Уницеф, во Велес, Штип и Гостивар со цел оптимизација на училишната мрежа. Утврдена е листа на нови 11 општини за кои ќе биде изработен план за оптимизација на училишната мрежа.<br><br>Одржани се и неколку координативни состаноци со цел утврдување на новата формула за финансирање (обезбедени се нови податоци во насока на ажурирање на пресметките)<br><br>На 21.8.2024 во рамки на PEIP (Проектот за унапредување на основното образование) распишан е Повик за изработка на Физибилити студија за транзиција кон едносменско работење на основните училишта, со краен рок за доставување на понуди до 4.9.2024г. Избрана е фирма изведувач и склучен е договор за изведба. Активностите за изработка на студијата се започнати | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование | | | |
| **Мерка: Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно образование на учениците со попреченост (ангажирање на образовни асистенти преку основните училишта со ресурсни центри, формирање на училиштен инклузивен тим, инклузивен тим за секој ученик, развивање на, ИОП/модифицирана програма, асистивна технологија...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на инклузивен тим за ученик<br>- Зајакнување на капацитетите и | **Појдовна основа**:<br>Донесена е Концепција за инклузивно образование<br>Донесено е Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта<br>Донесено е Упатство за изработка и реализација на модифицирана наставна програма за учениците со комплексни потреби во основното образование<br>Во буџетот за 2024 предвидени се средства за ангажирање на образовни асистенти | **Мерката е реализирана**<br><br>За учебната 2024/2025 обезбедени се согласности за ангажирање на 1000 образовни асистенти (200 повеќе од минатата учебна година), за што се обезбедени дополнителни средства со ребалансот на Буџетот.<br><br>Во секое училиште каде што е запишан ученик со попреченост согласно препораките на Комисијата за МКФ, формиран е инклузивен тим за ученикот и изготвен е ИОП или модифицирана програма согласно потребата на ученикот.<br><br>Во месеците јули-август се спроведе третиот циклус на обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој се акредитирани и обуки на тема „Инклузивно образование во пракса" за стручни соработници и на тема | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ресурсите на основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка<br>- Изготвување на ИОП/модифицирана програма, согласно потребите на ученикот<br>- Обезбедување на согласности за ангажирање на образовни асистенти од страна на МОН и МФ врз основа на поднесени барања од училиштата<br>- Спроведување на постапки за ангажирање на образовни асистенти за учебната 2024/2025 година<br>- Донесување на Програма за обука на образовен асистент<br>- Обезбедување/набавка на асистивна технологија од страна на училиштата | **Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни асистенти...) ;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Ангажирани се образовни асистенти во основните училишта, согласно препораките на Комисијата за МКФ<br>Донесена е Програма за обука на образовни асистенти<br><br>Продолжи имплементацијата на Програмата за унапредување на ментално здравје | „Инклузија и пристапи во поучување на ученици со попреченост". | |
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) намалување на осипувањето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Имплементација на иструментите за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование<br>- Ангажирање на ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на ученици Роми | **Појдовна основа**:<br>Донесени се сите подзаконски акти согласно ЗОО за вклучување на деца кои се со надмината возраст а не биле вклучени во образовниот систем<br><br>**Показател за успешност:**<br>Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се инструментите за проверка за вклучување во соодветно одделение на основно образование, на деца со надмината возраст<br>Ангажирани се ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Ромите на локално ниво | **Мерката е реализирана**<br><br>На 24.9.2024 на веб страната на МОН објавен е Јавен повик за ангажирање на 50 (педесет) ромски образовни медијатори за поддршка на основното образование на Роми за учебната 2024/2025 година, со рок на пријавување до 30.9.2024г. Бројот на образовни медијатори е зголемен споредено со минатите учебни години.<br><br>Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование, со кој се доуредува постапката за проверка на знаењето на учениците со надмината возраст со цел нивно вклучување во соодветно одделение на основно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024.<br><br>Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието. | |
| **Мерка: Остварување на основно** | **Појдовна основа**: | **Мерката е во тек на реализација** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **образование и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесени се измените на Законот за основно образование<br>- Обезбедување на потребни согласности за учебната 2024/2025 година | Донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се измените на Законот за основно образование<br>Обезбедени се согласности за ангажирање на наставници за остварување на основно образование во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови | Подготвени се измени на Законот за основно образование, со кои се уредува ООУ за возрасни да стане државно училиште преку кое ќе се спроведува наставата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.<br><br>Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024.<br><br>Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието.<br><br>На 22.11.2024г. во рамки на ПЕИП проектот објавен е оглас за ангажирање на консултант за подобрување на образованието во здравствени установи и процесот на реинтеграција на учениците во училиштата, со рок на поднесување на пријави до 6.12.2024г.. | |
| **Мерка: Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција (согласно стандардите за интеркултурно образование и Упатството за заеднички наставни часови)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.<br>- Имплементација на Упатството за организирање на заеднички наставни часови | **Појдовна основа**:<br>Во буџетот за 2023 г. предвидени се средства за училиштата за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција<br>Донесено е Упатство за организирање на заеднички наставни часови<br>Донесени се стандарди за интеркултурно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Јавниот повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција. | **Мерката е реализирана**<br><br>На 30.10.2024 на својата веб страна МОН го објави Јавниот повик за доделување на грантови за основните и јавните средни училишта, кои придонесуваат за равој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата. Активностите кои ќе бидат поддржани со грант, може да се реализираат самостојно во училишта во кое наставата се одржува на повеќе наставни јазици, или во партнерство со друго училиште.<br><br>Рокот за е-аплицирање траеше до 1.12.2024г. Формирана е Комисија за разгледување на апликациите составена од сите релевантни чинители (МОН, ДПИ, БРО) .<br><br>Во текот на месеците јуни-август се спроведе третиот циклус на обуки од Каталогот на обуки на БРО, во рамки на кој акредитирана е обука на тема „Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта" со што наставниците имаат можност да ја изберат и следат оваа обука во нивниот професионален развој. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Имплементација на новите наставни програми за трето и шесто одделение согласно стандардите за интеркултурно образование<br>- Зајакнување на капацитети на ДПИ за интеркултурно образование | | | |
| **Мерка: Имплементација на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на обука за училиштата-директори, наставници и стручни соработници..<br>- Имплементација на програмата за унапредување на менталното здравје<br>- Зајакнување на капацитети на ДПИ за постапување во случаи на пријавено насилство и дискриминација.... | **Појдовна основа**:<br>Донесено е Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br><br>Се имплементира програмата за унапредување на менталното здравје во соработка со Уницеф<br><br>**Показател за успешност:**<br>Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување<br><br>Продолжи имплементацијата на Програмата за унапредување на ментално здравје | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, континуирано се имплементира.<br><br>Училиштата спроведуваат активности согласнп насоките и материјалите од БРО објавени на нивната веб стран и доставени до сите училишта (насоки за постапување за учебната 2024/2025, вклучително организирање на работилници, активности и сл.). Истите се планирани и во Годишната прграма за работа на училиштата.<br><br>Со Програмата за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2024 година (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.) во потподрачјето ,,Поддршка на наставниците во работата со учениците” предвидена е обука на тема „Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час”, додека во потподрачјето ,,Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето” предвидена е обука на тема ,,Соработка помеѓу семејството и училиштето во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и сл.”.<br><br>Со Програмата за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2024 година (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.) во потподрачјето ,,Создавање безбедна и стимулативна средина за учење” предвидени се обуки на тема ,,Справување со врсничкото насилство и кибернасилство” и ,,Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците”.<br><br>Во текот на месеците јуни-август се спроведе третиот циклус на обуки од Каталогот на обуки на БРО.<br><br>Изработен е Национален план/програма за ментално здравје (вклучително и во образованието). | |
| **Мерка: Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите** | **Појдовна основа /**<br><br>**Показател за успешност:** | **Мерката е реализирана**<br><br>Законот за изменување и дополнување  на Законот за основното образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Спроведување на постапки за одобрување на учебници и/или наставни материјали по предметите; Јазик и култура на Ромите, Јазик и култура на Бошњаците, Јазик и култура на Србите, Јазик и култура на Турците и Јазик и култура на Власите | Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Одобрени се учебници и/или наставни материјали по предметите јазик и култура на Ромите, Бошњаците, Србите, Турците и Власите | Со измените на Законот се уредува дека по исклучок, за ученици припадници на бошњачка, турска, српска, ромска и влашка заедница, може да се формира и група помала од 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки, заради изучување на јазикот и културата на заедницата. Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието<br><br>Законот за учебници во основно и средно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024.Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието<br><br>На 14.2.2024г. на веб страната на МОН објавен е повторен Повик за искажување на јавен интерес за формирање на авторски тим за изработка на ракопис за учебник за предметот српски јазик за VII одделение.<br><br>На 23.2.2024г. објавен е Јавен оглас за рецензенти на учебник за предметите српски јазик и босански јазик за VI одделение..<br><br>Од страна на БРО изработени се материјали за учење за предметот босански јазик за седмо одделение. | |
| **Мерка: Изработка на нови наставни програми, наставните средства и дидактичките материјали во основно образование од аспект на унапредување на родовата еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на нови наставни програми и учебници (согласно Концепцијата за основно образование) кои промовираат родова еднаквост и недискриминација. | **Појдовна основа**<br>Донесена е нова Концепција за основно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):/**<br>Новите наставни програми и учебници/наставни материјали во основно образование промовираат родова еднаквост, заштита од насилство и недискриминација | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Завршена е јавната расправа за новите наставни програми за седмо, осмо и деветто одделение врз основа на што дел од наставните програми се изменети.<br><br>Новите наставни програми за седмо одделение кои промовираат еднаквост и недискриминација, ќе започнат да се применуваат од учебната 2025/2026 година | |
| **Мерка: Наградување на најдобрите ученици и нивните наставници и покривање на трошоци за учество на меѓународни натпревари**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Концепција од страна на БРО | **Појдовна основа** /<br>Законот за основно образование содржи одредба за донесување на Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици.<br><br>**Показател за успешност:** | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Спроведен е Јавниот повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2024 година од областа на математиката, информатиката и природните науки (со рок на пријавување до 31.10.2024г.). Исплатени се 3 здруженија на наставници во вкупен износ од 649.485 денари. (за натпревари по математика, физика и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Усогласување на предлог-Концепцијата со сите засегнати страни<br>- Донесување на Концепцијата од страна на министерот<br>- Објавување на конкурс за учество на меѓународни натпревари<br>- Формирање на Комисија за разгледување на примените апликации<br>- Објава на Конкурс за денот на поезијата 21 Март<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари<br>- Објава на јавен повик за акредитирани здруженија на наставници за учество на меѓународен натпревар за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар | Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена е Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици<br><br>Спроведени конкурси/ јавни повици за наградување на учениците и менторите | информатика)<br><br>На 5.6.2024г. на веб страната на МОН објавена е листа на акредитирани здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од основните училишта (14 здруженија).<br><br>Реализирана е исплатата на парични награди за ученици (и нивните ментори) од основно образование кои освоиле прво место на државен ученички натпревар. За освоено прво место на државни натпревари исплатени се 52 ученици и 52 наставници во вкупен износ од 1.042.024 денари.<br><br>Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, на ученикот, на наставникот кој му го предава предметот од овие области, како и на наставникот и менторот кој го подготвувал ученикот за натпреварот. Доделени се награди за  едно прво место (за математика)  и пет трети места (за математика и информатика) на меѓународни натпревари и исплатени се вкупно 6 ученици, 5 наставници и 6 ментори во вкупен износ од 454.700 денари.<br><br>По однос на Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици, истата не е изготвена од страна на БРО, поради потребата од дополнителни консултации за изготвување на концепцијата | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | | | |
| **Мерка: Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното образование согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование и Законот за БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Спроведување на обуки од Каталогот на акредитирани програми за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници | **Појдовна основа**<br>Донесени се сите подзаконски акти согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта<br>Изработени се Каталози на акредитирани програми за обука за наставници и за стручни соработници<br><br>**Показател за успешност:**<br>Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со  професионалните стандарди | **Мерката е реализирана**<br><br>Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)<br><br>Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните соработници за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)<br><br>Врз основа на TEACH алатката (алатка за следење на квалитетот на наставата во основното образование)  од страна на БРО развиени се адаптирани инструменти за континуирана поддршка на наставниците од страна на советниците на БРО. Во вториот квартал од годината од страна на советниците на БРО адаптираните инструменти беа имплементирани за време на стручните увиди во училиштата (посетени се 96% од училиштата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Плаиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br><br>Спроведени се обуките од Каталогот на акредитирани обуки на БРО | односно 323 основни училишта и 1024 наставници)<br><br>Спроведена е обука на 1877 наставници коишто ќе реализираат настава во шесто одделение во учебната 20242025 година за реализација на наставата според наставните програми за шесто, а кои од одредени причини не присуствувале на претходната обука намената за наставниците од шесто одделение.<br><br>Обучени се 11 наставници за реализација на наставата по предметот Иновации во деветто одделение.<br><br>Во соработка со Британскиот совет (во рамки на проектот Future English Online Teacher Community) продолжи да се спроведува онлајн обуката на наставници по англиски јазик од јавните основни и средни училишта (обуката траеше од 30.10.2023 до 31.3.2024)<br><br>Во месеците јули и август се спроведе третата фаза на обуки на наставници и стручни соработници (8 часа обука) од Каталогот на акредитирни програми, во која беа вклучени 15.985 наставници (од кои 11.971 жени) и 874 стручни соработници (од кои 792 жени). Обуките се реализираа на македонски, албански и турски јазик во времетраење од 8 часа, организирани во еден или два дена.<br><br>Тимови на советници од БРО ја следеа реализацијата на акредитираните обуки и пополнуваа Формулар за следење и вреднување на обука, кој се однесува на квалитетот на реализација на обуките од аспект на содржината на обуката, квалитетот на работата на обучувачот и организацијата на обуката. Се следеше реализацијата на обуката кај 67 групи наставници.<br><br>Формирана е Работна група за изменувања и дополнувања на Законот за БРО, вклучително и делот за акредитација и реализација на обуки за наставници и стручни соработници.<br><br>На 10.12.2024 во рамки на ПЕИП проектот, на веб страната на МОН објавен е повик за ангжаирање на Индивидуален консултант за утврдување на дигиталните вештини кај наставниците, со рок на пријавување до 24.12.2024г. | |
| **Мерка: Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници (ментори)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објава на јавен повик за напредување во звање ментор | **Појдовна основа**<br>Донесени се сите подзаконски акти согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта<br><br>**Показател за успешност:** | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со кој се доуредува постапката за кариерен развој на стручните соработници е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024. Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Изготвување на мислење/оценка од страна на БРО и училиштата, по објавениот јавен повик<br>- Објава на ранг листа<br>- Донесување на измени на ЗОО, за изработка на Упатство за следење на стручните соработници од страна на БРО | Континуирано се импелементира моделот за кариерен развој<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементиран е системот за кариерен развој (спроведен е нов повик)<br><br>Донесени се измените на Законот за основно образование (за кариерен развој на стручните соработници) | Формирана е Работна група со сите релевантни чинители, која работи на измени и дополнувања на Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, вклучително и моделот за кариерен развој. | |
| **Мерка: Стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на стипендии | **Појдовна основа**<br>Донесени се сите подзаконски акти согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Конкурс за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | **Мерката е реализирана**<br><br>Конкурсот е подготвен и објавен на веб страната на МОН на 1.11.2024г. со рок на пријавување до 15.11.2024г.<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2024г. Доделени се вкупно 30 стипендии. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г. | |
| **ПОТПРОГРАМА 4:** Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | | | |
| **Мерка: Континуирано професионално усовршување на директорите согласно Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Закон за БРО**<br><br>Предвидени активности:<br>- Имплементација на програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта<br>- Имплементација на новата програма за напредна обука на директори | **Појдовна основа**<br>Утврдени се професионалните компетенции за директор<br><br>Донесена е нова програма за напредна обука на директори<br><br>**Показател за успешност:**<br>Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементирана е новата програм за | **Мерката е реализирана**<br><br>Континуирано се спроведува програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта (организирани се обуки и испити)<br><br>Континуирано се спроведува програмата за напредна обука на директори на основни и средни училишта. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | напредна обука на директори | | |
| **Мерка: Подобрување на системот за самоевалуација и изготвување на Развојна програма и годишна програма од страна на училиштата**<br><br>Предвидени активности:<br>- Реализација на грантот од страна на 11-те училишта (имплементација на активностите од Развојната програма)<br>- Објава на јавен повик за доделување на грант на нови училишта (врз основа на спроведена самоевалуација и изготвена развојна програма). | **Појдовна основа**<br>Ангажирани се експерти во рамки на ПЕИП за унапредување на процесот на самоевалуација<br><br>**Показател за успешност:**<br>Училиштата се обучени да спроведуваат самоевалуација, согласно новото Упатство<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изработено е Упатство за самоевалуација на училиштата | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изработени и усвоени се извештаите за самоевалуација и новите развојни програми (усогласени со новата рамка и индикаторите за обезбедување на квалитет) од страна на 11 пилот училишта, кои се вклучени во пилотирањето на грант програмата.<br><br>Во месеците март-мај се спроведоа регионалните обуки на претставници од сите училишта за ревидираните индикатори за квалитет, за новите методи на самоевалуација (новиот водич) и развојно планирање. Обучувачи беа инспекторите од ДПИ и претставнци на 11-те пилот училишта.<br><br>Ангажиран е консултантант за импакт евалуација на грант програмата и доставена е предлог методологија. Спроведенеи се онлајн инфо сесии за начинот на подготовка на проектни апликации за грант програма за сите основни училишта. 54 училишта имаат изработено нови развојни програми. Консултантот ангажиран за спроведување на импакт евалуација на Грант програмата достави финален извештај од спроведеното базично истражување.<br><br>Објавен е Јавниот повик за доделување грантови за финансирање активности од развојните програми на јавните основни училишта (врз основа на спроведена самоевалуација и изготвена развојна програма), со рок на аплицирање до 8.11.2024г. Доделени се грантови на 20 училишта.<br><br>Изработена е предлог алатка за отчетност и транспарентност на училиштата.<br><br>Спроведена е обука за претставници на МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ за новите подрачја за оценување на квалитетот во основното образование. Се заврши анализата на деловните процеси и во тек е подготовка на спецификација за софтвер и хардвер на ДПИ.<br><br>Од страна на ДПИ подготвени се измени на Правилникот за инспекциски надзор, во кој се вклучени новите индикатори за следење на основните училишта (усогласени со системот на самоевалуација и развојно планирање). | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Зголемени се платите на наставниците и останатте вработени во училиштата од месец октомври 2024** | Склучен е Договор помеѓу МОН и СОНК за зголемување на платата (со платата од октомври 2024) и за континуиран раст на нивните приходи во следните 4 години во износ кој ќе зависи од висината на инфлацијата.<br><br>Формирана е Работна група МОН - СОНК која работи на изготвување на нов Колективен договор. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | | Подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот<br>• Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал | |
| **Назив на програма/потпрограма:** КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД<br>**Потпрограми:**<br>• Зголемување на постигањата на учениците во средното образование<br>• Реформа на средното стручно образование<br>• Подобрен ученички стандард | | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Обезбедување квалитетно и инклзуивно средно образование и унапредување на ученичкиот стандард | **Одговорен:**<br>Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење<br>Одделение за ученички стандард |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Зголемување на постигањата на учениците во средното образование | | | |
| **Мерка: Донесување на нов Закон за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Усогласување на текстот на Законот со сите релевантни | **Појдовна основа**<br>Подготвен е нов предлог Закон за средно образование<br><br>**Показател за успешност:** | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Подготвен е нов предлог Закон за средното образование, кој на 13.9.2024 е поставен на владиниот ЕНЕР систем (Електронски национален регистер на прописи) и веб страната на МОН со цел сите заинтересирани граѓани да дадат свои коментари и забелешки. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| чинители и со НРК<br>- Донесување на Законот за средно образование од страна на Собранието<br>- Донесување на подзаконските акти согласно Законот | Донесен е нов Закон за средно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за средно образование | Законот за средно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и доставен во собраниска процедура на усвојување. Имајќи предвид дека се добиени голем број на амандмани законот е повлечен од собраниска процедура на 20.12.2024г со цел негово доработување. | |
| **Мерка: Донесување нова Концепција за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на предлог Концепција за средно образование<br>- Јавна расправа по однос на предлог Концепцијата<br>- Донесување на Концепцијата | **Појдовна основа**<br>Подготвен е нов предлог Закон за средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесена е Концепција за средно образование;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена е Концепција за средно образование | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Од страна на БРО спроведено е истражување за реформи во гимназиското образование, врз основа на инструменти за истражување (Прашалник за наставници (на македонски, на албански и на турски јазик) и Прашалник за ученици (на македонски, на албански и на турски јазик).<br><br>Обработени се податоците со вкрстување и класификација по јазик на наставата, по општини, по предмети итн.<br><br>Направена е анализа на искуствата од други држави. Изготвен е извештај за реформите во гимназиското образование. | |
| **Мерка: Изработка на Национални стандарди за средно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Национални стандарди<br>- Усогласување на предлог-Националните стандарди со сите засегнати страни<br>- Утврдување на Националните стандарди од страна на министерот | **Појдовна основа**<br>Подготвен е нов предлог Закон за средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесени се Национални стандарди за постигањата на учениците<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесени се национални стандарди за средно образование | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Од страна на БРО изработен е предлог документ национална рамка на клучните компетенции за учениците во средното обраовање. | |
| **Мерка: Развивање дигитален образовен екосистем**<br><br>Предвидени активности:<br>- Воведување нов ЕМИС<br>- Континуирано ажурирање на порталот Едуино со нови видео содржини/лекции<br>- Континуирано одржување и надградба на националната платформа за образование на | **Појдовна основа**<br>Донесен е Концепт за развивање на систем за образование од далечина<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Континирано се надградува системот за образование од далечина<br><br>Воведен е нов ЕМИС | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Системот за образование на далечина (он лајн настава, алатките како OneNote Classrom, OneDrive, MC Forms…) ., се користи од страна на училиштата, согласно потребите.<br><br>Завршена е постапката по однос на набавката на услуги за воспоставување на интегриран електронски систем за административна работа на училиштата и електронски дневник (новиот ЕМИС), со која е предвидено пилотирање и дополнителни обуки за училиштатат (почнувајќи од јуни 2024). | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| далечина<br>- Континуирани обуки за наставниот кадар | | Од страна на БРО акредитирана е програма за обука и понудувач на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во средните училишта во Република Северна Македонија, на тема „Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата (при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и сл.”). Спроведена е обуката (во јуни) за наставниците што реализираат настава по стручни предмети. Обучени се вкупно 2,001 наставник (62% жени, 38% мажи). Од страна на БРО се следеше реализацијата на обуката кај 10 групи наставници. | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во средните училишта (реконструкција на средни училишта, подобрување на инфраструктурните услови за пристап на ученици со попреченост)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Програма за инвестиции (изградба и реконструкција на средни училишта)<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки<br>- Реконструкција на училишта, изградба на нови училишта | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од подобрување на инфраструктурните услови во некои училишта.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени инфраструктурни услови во училиштата преку реконструкција на училишта | **Мерката е реализирана**<br><br>На 220-та седница на Владата, одржана на 16.1.2024г. донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта во 2024 (Службен весник бр.13/24 од 22.1.2024)<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2024 година (објавен на системот на БЈН на 24.1.2024), во кој се вклучени капитални инвестиции.<br><br>Во тек е изградба на нов училишен објект<br>1. СОУ „Сами Фрашери“, Куманово<br><br>Завршена е комплетната реконструкција на шест училишта а во тек е реконструкција на 2 училишта. Согласно ЗЈН објавена е постапка за реконструкција на едно училишта. | |
| **Мерка: Учество во меѓународни тестирања (анализа на податоци од PISA 2022)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Подготовка на Извештај со препораки врз основа на анализа на податоците од ПИСА 2022 | **Појдовна основа:**<br>Република Северна Македонија учествуваше во меѓународното тестирање PISA 2022<br><br>**Показател за успешност: /**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подготовка на Извештај со препораки од PISA 2022 | **Мерката е реализирана**<br><br>Од страна на ДИЦ изработен е Националниот извештај ПИСА 2022 со препораки.<br><br>Од страна на БРО изработени се Насоки за унапредување на наставата и подобрување на резултатите на учениците во согласност со меѓународните стандарди за тестирање, и истите се објавени на веб страната на БРО и доставени до сите училишта. Во периодот 18.11 – 13.12.2024 г. се реализираа семинари за подобрување на резултатите во ПИСА 2025 тестирањето. Семинарите беа наменети за наставнците по мајчин јазик, математика, природни науки во прва година средно образование и наставниците по информатика во прва и втора година средно образование. На семинарите вкупно беа присутни 840 наставника, на македонски и на албански јазик. | |
| **Мерка: Наградување на најдобрите** | **Појдовна основа: /** | **Мерката е во тек на реализација** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ученици и нивните наставници**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Концепција за откривање и работа со талентирани и надарени ученици во средното образование.<br>- Изработка на подзаконски акт за доделување на стипендија/награда<br>- Доделување на награда за освоено прво, второ или трето место или медал на меѓународни натпревари и олимпијади<br>- Разгледување и исплата на барањата за освоено прво место на државни натпревари | **Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени конкурси/ јавни повици за наградување на учениците и менторите | Спроведен е Јавиот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата. Доделени се награди на 15 ученика за освоен златен (1), сребрен (2) и бронзен (12) медал.<br><br>Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки во средно образование. Доделени се награди на 13 ученика за освоено прво (4 ученика по математика, информатика и физика), второ (4 ученика, по математика и физика) и трето место (5 ученика по математика, информатика и физика).<br><br>На 7.6.2024г. на веб страната на МОН објавена е листа на акредитирани здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците од средните училишта (20 здруженија).<br><br>Доделени се награди на 61 ученик и наставник за освоено прво место на државен натпревар.<br><br>По повод 21 март Светскиот ден на поезијата, МОН, во соработка со меѓународниот поетски фестивал „Струшки вечери на поезијата“ на 19.2.2024г. распиша Конкурс за избор на најдобра песна (за ученици од средните училишта), со рок на пријавување до 5.3.2024г. МОН на 21 март на својата веб страница (www.mon.gov.mk) ги објави наградените трудови со шифрите.<br><br>Подготвен е нов предлог Закон за средно образование во кој е уреден основ за доделување на средства на здруженија на наставници за учество на меѓународни натпревари | |
| **Мерка: Инклузија на ученици со посебни образовни потреби**<br><br>Предвидени активности:<br><br>- Формирање на инклузивни тимови во училиштата<br>- Подготовка на индивидуални наставни планови /модифицирани наставни програми<br>- Ангажирање образовни асистенти | **Појдовна основа:**<br>Во новиот предлог Закон за средно образование, уредена е инклузијата на ученици со попреченост<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни асистенти...); | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Формирани се инклузивни тимови во училиштата и подготвени се индивидуални наставни програми/ модифицирани програми<br>Образовните асистенти се обезбедени со поддршка од УНДП<br><br>Образовните асистенти се уредени во новиот предлог Закон за средно образование<br><br>Подготвен е нов предлог Закон за средното образование, во кој се уредени образовните асистенти, кој на 13.9.2024 е поставен на владиниот | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени услови за инклкузија на учениците со попречености (ангажирани образови асистенти, обуки за наставници и стручни соработници, поддршка во изработка на ИОП). | ЕНЕР систем (Електронски национален регистер на прописи) и веб страната на МОН со цел сите заинтересирани граѓани да дадат свои коментари и забелешки.<br><br>Законот за средно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и доставен во собраниска процедура на усвојување. Имајќи предвид дека се добиени голем број на амандмани законот е повлечен од собраниска процедура на 20.12.2024г, со цел негово доработување. | |
| **Мерка: Изработка и донесување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување во средните училишта**<br><br>Предвидени активности:<br>- Во Законот за средно образование внесен е основ за изработка и донесување на Упатство<br>- Изработка и донесување на Упатството<br>- Имплементација на програмата за унапредување на менталното здравје | **Појдовна основа**<br>Се имплементира програмата за унапредување на менталното здравје во соработка со Уницеф<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесено е Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување во средните училишта | **Реализацијата на мерката е во тек**<br><br>Во Законот за средно образование ставен е основ за изработка и донесување на Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и доставен во собраниска процедура на усвојување. Имајќи предвид дека се добиени голем број на амандмани законот е повлечен од собраниска процедура на 20.12.2024г, со цел негово доработување.<br><br>Училиштата спроведуваат активности согласнп насоките и материјалите од БРО објавени на нивната веб стран и доставени до сите училишта (насоки за постапување за учебната 2024/2025, вклучително организирање на работилници, активности и сл.). Истите се планирани и во Годишната прграма за работа на училиштата.<br><br>На 6.3.2024 на веб страната на МОН и БРО објавени се четири модули за мировно образование: Ненасилна комуникација, Управување со конфликти, Врсничка медијација и Ненасилство и насилство. Модулите изработени со поддршка на Меѓаши се наменети за наставниците и стручните соработници во средните училипта и воспитувачите во ученичките домови. | |
| **Мерка: Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција (согласно стандардите за иттеркултурно образование и Упатството за организирање на заеднички наставни часови)**<br><br>Предвидени активности: | **Појдовна основа:**<br>Во буџетот за 2024 г. предвидени се средства за училиштата за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција<br>Донесено е Упатство за организирање на заеднички наставни часови<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите | **Мерката е реализирана**<br><br>На 30.10.2024 на својата веб страна МОН го објави Јавниот повик за доделување на грантови за основните и јавните средни училишта, кои придонесуваат за равој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата. Активностите кои ќе бидат поддржани со грант, може да се реализираат самостојно во училишта во кое наставата се одржува на повеќе наставни јазици, или во партнерство со друго училиште. Рокот за е-аплицирање траеше до 1.12.2024г. Формирана е Комисија за разгледување на апликациите составена од сите релевантни чинители (МОН, ДПИ, БРО) . | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Објавување на Јавен повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција.<br>- Имплементација на Упатството за организирање на заеднички наставни часови<br>- Зајакнување на капацитети на ДПИ за интеркултурно образование | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Јавниот повик од страна на МОН за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат кон меѓуетничката интеграција | До сите училишта доставен е Прашалник за реализирани активности за меѓуетничка интеграција, спроведени во учебната 2023/2024 г. со рок на доставување на одговори до 25.10.2024. врз основа на што е изготвен редовниот годишен извештај од страна на Комсиијата за меѓуетничка интеграција во образованието. | |
| **Мерка: Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во настава (ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) , намалување на осипувањето и поддршка за надоместување на знаењето**<br><br>Предвидени активности:<br>- Внесување на одредба во Законот за средно образование за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани<br>- Доделување на стипендии за ученици од ранливи категории за учебната 2024/2025<br>- Ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми за учебната 2024/2025 | **Појдовна основа**<br>Во буџетот за 2023 г. предвидени се средства за доделување на стипендии на ученици Роми.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени се стипендии за ученици Роми за учебната 2023/2024 година<br>Ангажирани се образовни медијатори за ученици Роми | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Во предлог Законот за средно образование внесена е одредба за ослободување од трошоци за нострификација на свидетелства на ранливите групи на граѓани и одредба за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми. Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024 и доставен во собраниска процедура на усвојување. Имајќи предвид дека се добиени голем број на амандмани законот е повлечен од собраниска процедура на 20.12.2024г, со цел негово доработување.<br><br>На 23.9.2024г. на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување на 1200 (илјада и двеста) стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година. (во учебната 2023/2024 бројот на стипендии изнесуваше 920)<br><br>На 11.11.2024г. на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на 1200 (илјада и двеста) стипендии во четири категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година. Вкупно се доделени 934 стипендии. Склучени се договори со сите стипендисти и исплатени се за месеците октомври, ноември и декември 2024г. | |
| **Мерка: Анализа и изработка на нови наставни програми за средно образование од аспект на унапредување на родовата** | **Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Новите наставни програми, учебници и | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Од страна на БРО спроведено е истражување за реформи во | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на нови наставни програми (согласно Концепцијата за средно образование) кои промовираат родова еднаквост и недискриминација. | наставни и дидактички материјали во средно образование промовираат родова еднаквост и заштита од дискирминација по секој основ | гимназиското образование, врз основа на инструменти за истражување (Прашалник за наставници (на македонски, на албански и на турски јазик) и Прашалник за ученици (на македонски, на албански и на турски јазик).<br><br>Изготвена е предлог Концепција за средно образование. | |
| **Мерка: Унапредување на квалитетот на наставните и дидактички материјали, развој на дигитални материјали за учење – донесување/ имплементација на ново законско решение**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали во основно и средно образование<br>- Изработка и донесување на Концепција за учебници и други наставни и дидактички материјали и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали<br>- Изработка на наставни и дидактички материјали согласно новото законско решение | **Појдовна основа**<br>Во тек е изготвување на нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали за основно и средно образование<br><br>**Показател за успешност:**<br>Учениците од средното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како извор на модерно и релевантно знаење и како алатка за промовирање на човековите права, почитување на различностите и демократските вредности<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за учебници и други наставни и дидактички материјали за основно и средно образование<br>Усвоени се Концепција за изработка и Методологија за вреднување на учебници и наставни материјали | **Мерката е реализирана**<br><br>Формирана е Работна група која подготви нов предлог Закон за учебници во основното и средното образование. Законот на 30.10.2024 е поставен на владиниот ЕНЕР систем (Електронски национален регистер на прописи) и веб страната на МОН со цел сите заинтересирани граѓани да дадат свои коментари и забелешки.<br><br>Во предлог законот се интегрирани сугестиите на издавачките куќи во Македонија со чии претставници, раководството на МОН и на Педагошката служба имаа конструктивна работна средба.<br><br>Новиот закон обезбедува изработка на учебници со поквалитетна содржина, намалување на веројатноста за појава на грешки, какви што беа нотирани до неодамна и ја поедноставува постапката за набавка, со цел навремена испорака во училиштата.<br><br>Законот за учебници во основно и средно образование е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024.<br><br>Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието. Изготвени се предлог подзаконските акти, кои произлегуваат од Законот, вклучително и предлог Концепција за изработка и Методологија за вреднување.<br><br>Континуирано се спроведуваа постапки за одобрување на учебници за средно стручно образование од страна на Националната комисија за учебници, како и графичко-техничко уредување на ново одобрените учебници. | |
| **Мерка: Континуиран професионален развој на наставниците и стручните соработници во средното образование согласно Законот за наставници и стручни соработници во основното и средното образование** | **Појдовна основа:/**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | **Мерката е реализирана**<br><br>Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на наставниците за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)<br><br>Донесена е Програма за обуки за стручно усовршување на стручните | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование<br>- Подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука за стручно усовршување на наставници и стручни соработници<br>- Акредитацијата на програми за обука од страна на БРО | Изготвен е Каталог на акредитирани обуки | соработници за 2024 година во која се утврдени подрачјата и потподрачјата (Службен весник бр.19/2024 од 26.1.2024г.)<br><br>Во соработка со Британскиот совет (во рамки на проектот Future English Online Teacher Community) во првиот квартал се спроведуваше онлајн обуката на наставници по англиски јазик од јавните основни и средни училишта (обуката траеше од 30.10.2023 до 31.3.2024)<br><br>Од страна на БРО акредитирана е програма за обука и понудувач на услуги за професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар (наставници) во средните училишта во Република Северна Македонија, на тема „Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата (при следење на учениците, во решавање проблемски ситуации, во истражувачки активности и сл.”). Спроведена е обуката (во јуни) за наставниците што реализираат настава по стручни предмети. Обучени се вкупно 2,001 наставник (62% жени, 38% мажи). Од страна на БРО се следеше реализацијата на обуката кај 10 групи наставници. | |
| **Мерка: Имплементација на моделот за кариерен развој на наставници и стручни соработници (ментори)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на јавен повик за напредување во звање<br>- Формирање на Комисија за проверка на исполнетоста на професионалните стандарди за звањата ментор<br>- Изготвување на мислење/оценка од страна на БРО/ЦСОО и училиштата | **Показател за успешност:**<br>Имплементиран е моделот за кариерен развој на наставниците и стручните соработници и обезбеден е нивен континуиран професионален развој;<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементиран е системот за кариерен развој (објавен повик за ментори) | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Формирана е Работна група со сите релевантни чинители, која работи на измени и дополнувања на Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, вклучително и моделот за кариерен развој. | |
| **Мерка: Стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници.**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на стипендии | **Појдовна основа: /**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е Конкурс за доделување на стипендии за одлични студенти на факултети кои образуваат наставници | **Мерката е реализирана**<br><br>Конкурсот е подготвен и објавен на веб страната на МОН на 1.11.2024г. со рок на пријавување до 15.11.2024г.<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2024г. Доделени се вкупно 30 стипендии. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г. | |
| **Мерка: Имплементација на новата формула за финансирање на средните училишта (зајакнување на капацитетите на општините)**<br><br>Предвидени активности: | **Појдовна основа:**<br>Моделот за финансирање на средните училишта е застарен и не ја отсликува реалната состојба и потребите на училиштата. Изработен е нов предлог модел | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средно образование по општини и Градот Скопје за 2025 година е усвоена на 28-та седница на Владата, одржана на 29.10.2024 г. (по стара формула за финансирање). | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - Донесување на уредби за утврдување на критериуми за расределба на блок дотации за средно образование по општини за 2025 година, согласно новата методологија (формула) за финансирање што во основа се базира на трошоци по стандард и оптимизација на мрежата на училишни објекти, според моделот за воведување на новите формули за блок дотации за основно и средно образование. | **Показател за успешност:**<br>Воведен е нов модел за финансирање<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Започната имплементација на новиот модел за финансирање на средните училишта | Одржани се неколку состаноци (со Уницеф и Хелветас) за новата предлог формула за финансирање на средното образование. | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Реформа на средното стручно образование | | | |
| **Мерка. Донесување/ имплементација на нов Закон за стручно образование и обука**<br><br>Предвидени активности:<br>- Усвојување на Законот од страна на Владата<br>- Донесување на Законот од страна на Собранието<br>- Изготвување подзаконски акти за СОО кои произлегуваат од новиот закон | **Појдовна основа**<br>Подготвен е предлог нов текст на Законот за СОО и спроведена е јавна расправа<br><br>**Показател за успешност:**<br>Системот на СОО брзо се приспособува на променливите потреби од вештини на пазарот на трудот<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесен е нов Закон за стручно обрзование и обука | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изготвен е нов предлог Закон за стручно образование и обука, кој на 13.9.2024 е објавен за јавна расправа на веб страната на министерството и ЕНЕР системот.<br><br>Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024.<br><br>Законот е усвоен/донесен на 28-та седница на Собранието. | |
| **Мерка. Промотивни активности за стручно образование и обука**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на консултации со бизнис заедницата во поглед на квотите за упис по определени профили<br>- Зајакнати капаццитетите на општините за анализа на потребите на бизнис заедницата при утврдување на квоти за упис во средно образование | **Појдовна основа:**<br>Се спроведува промотивна кампања за стручно образование „Учи паметно, работи стручно”<br><br>**Показател за успешност:**<br>Компетенциите на учениците кои завршуваат СОО се во согласност со барањата на работодавачите<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Реализирани промотивни активности за стручно образование и обука | **Мерката е реализирана**<br><br>Локалните самоуправи и коморите го спроведоа социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно“ за утврдување на реалните потреби за стручни профили во средните стручни училишта за учебната 2024/2025 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Конкурсот за упис во средно образование е усогласен со потребите на пазарот на труд | | |
| **Мерка: Развиени се петте регионални центри за средно стручно образование (во југозападниот, североисточниот, полошкиот, југоисточниот и вардарски плански регион) целосно опремени за обезбедување на квалитетни услуги**<br><br>Предвидени активности:<br>- Реконструкција на регионалните центри<br>- Набавка на потребната опрема<br>- Спроведена обука за наставниот и стручниот кадар во регионалните центри | **Појдовна основа:**<br>Во месец декември 2020, донесени се Одлуките за основање на три регионални центри и започнати се постапки за нивна рекнструкција (една е завршена, две се во тек). Во месец ноември 2023 донесени се одлуки за основање на уште два нови регионални центри<br><br>**Показател за успешност:**<br>Развиени се петте регионални центри за средно стручно образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се постапки за реконструкција и опремување на регионалните центри | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Заврши реконструкцијата на Државно училиште Регионален центар за средно стручно образование и обука „Ванчо Питошески”, Охрид и продолжи реконструкција на Регионалниот центар „Моша Пијаде” во Тетово.<br><br>Набавена е ИТ опрема за потребите на регионалните центри: РСЦОО Киро Бурназ Куманово и РЦСОО Ванчо Питошевски Охрид.<br><br>Завршена е постапката за набавка на училишен мебел за потребите на регионалните центри: РСЦОО Киро Бурназ Куманово и РЦСОО Ванчо Питошевски Охрид<br><br>Спроведена и завршена е набавка на земјоделска механизација за потребите на РЦСОО Киро Бурназ –Куманово и набавка на мерни инструменти за потребите на РЦСОО Моша Пијаде. Поништени се постапките за јавна набавка на силос за складирање на житни култури за потребите на РЦСОО Киро Бурназ –Куманово, Јавната набавка на угостителска опрема и опрема за прехранбена индустрија за потребите на РЦСОО Ванчо Питошевски и јавната набавка на опрема и машини за потребите на РЦСОО Моша Пијаде<br><br>На 42-та седница на Владата, одржана на 31.12.2024г. усвоени се одлуки за прогласување на два нови регионални центри (шести и седми) во Битола и Штип (почнувајќи од 1.9.2025г.), согласно спроведената анализа за потребите на пазарот на труд и капацитетите на средните стручни училишта. | |
| **Мерка: Учење базирано на работа и дуално стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Имплементација на Концептот за учење преку работа<br>- Изработка и донесување на наставни програми за дуално стручно образование, согласно утврдените профили (прилагодување на наставните програми за реализација според Дуален модел на СОО) | **Појдовна основа:**<br>Усвоен е Концепт за учење преку работа<br><br>Изработени се и одобрени нови модуларно дизајнирани наставни програми, за сите квалификации/ образовни профили базирани на резултати од учење, изразени со EQVET кредити и поени, од прва до четврта година, кои започнаа да се имплементираат од учебната 2019-2020 година (прв година)<br><br>**Показател за успешност:**<br>Зголемен е бројот на компании вклучени во | **Мерката е реализирана**<br><br>Согласно Конкурсот за упис во учебната 2024/25 година во соработка со општините и компаниите во земјава се обезбедени 7075 слободни места во 283 паралелки во дуалното стручно образование. За споредба во учебната 2023/2024 отворени се 259 дуални паралелки, 2022/2023, 223 дуални паралелки, во учебната 2021/2022 беа отворени 97 а во учебната 2020/2021 имаше 11 паралелки.<br><br>На 20.3.2024г. на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот за доделување 500 (петстотини) стипендии за ученици запишани во паралелки во стручно образование во кои се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | системот на учење преку работа (практична настава и обука, феријална пракса, дуални паралелки)<br><br>Компетенциите на учениците кои завршуваат СОО се во согласност со барањата на работодавачите и се компатибилни со насоките утврдени во ЕКАВЕТ (број на наставни програми донесени во соработка со бизнис заедницата и изразени со ЕКАВЕТ) | за стручно образование од здравствена струка (дуални паралелки од здравствена струка) за учебната 2023/2024 година.<br><br>На 1.10.2024г. на веб страната на МОН објавени се:<br><br>Конкурсот за доделување 1500 (илјада и петстотини) стипендии за ученици кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование (ДУАЛНИ ПАРАЛЕЛКИ) за учебната 2024/2025 година<br><br>Конкурсот за доделување 220 (двесте и дваесет) стипендии за ученици кои реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование од тригодишно траење во јавните и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година и<br><br>Конкурсот за доделување 300 (триста) стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителство и туризам, шумарство и обработка на дрво, градежништво и геодезија, земјоделство-рибарство и ветеринарство, машинство и текстил, кожа и слични производи од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2024/2025 година.<br><br>На 26.11.2024г. на веб страната на МОН објавени се резултатите. Стипендиите се исплатени за месеците септември, октомври, ноември и декември 2024г.<br><br>Изготвен е нов предлог Закон за стручно образование и обука, во кој е подетално уредено учењето преку работа и дуалното стручно образование. Законот е утврден на 36-та седница на Владата, одржана на 3.12.2024. Законот е усвоен на 28-та седница на Собранието. | |
| **Мерка: Мобилност на наставници и ученици од средно стручно образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Учество на средните стручни училишта на јавните повици од Националната агенција за европски образовани програми и мобилност | **Појдовна основа:**<br>Република Северна Македонија учествува во Еразмус + програмата<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Активно учество на средните училишта во Еразмус + Програмата за мобилност | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>На 4.1.2024г. објавен е Јавен повик за учество на активност за обука и соработка „Студиска посета за одржливост и одржлив развој на училиштата" Клучна акција 1 во училишно / стручно образование Еразмус+ приоритет – зелена агенда.<br><br>На 19.3.2024 објавен е Јавен повик за учество на активност за обука и соработка „Семинар за долгорочни мобилности за учениците" во секторот за училишно образование.<br><br>На 17.6.2024г. објавен е Јавен повик за учество на активност за обука и соработка „Поврзување на патиштата: Еразмус+ мобилности во дуално | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | стручно образование и обука".<br><br>На 3.9.2024г. објавен е Еразмус + повик 2024 за акредитација во областа на образованието за возрасни, стручното образование и обука и училишното образование, со краен рок за поднесување на апликациите до 1 октомври 2024 година.<br><br>На 8.10.2024г. објавен е Повик за градење на капацитети на училишта за програмата Еразмус+, обука со работилници, унапредување на вештини од различни региони во Република Северна Македонија со фокус на приоритетите на програмата Еразмус+ и градење на меѓусебна соработка. | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Подобрен ученички стандард | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во ученичките домови (реконструкција на ученички домови)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на План за јавни набавки<br>- Спроведување на постапки согласно Законот за јавни набавки за реконструкција на ученички домови<br>- Реконструкција на ученички домови | **Појдовна основа**<br>Ученичките домови имаат потреба од реновирање и подобрување на условите за сместување на учениците<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се условите во ученичките домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Подобрени се условите за престој на ученици во ученичките домови | **Мерката е реализирана**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2024 година (објавен на системот на БЈН на 24.1.2024), со кој е предвидена набавка на реконструкција и надзор над реконструкција на ученичките домови, и набавка на опрема.<br><br>Завршена е реконструкцијата на ученичкиот дом Ванчо Питошески во Охрид (во склоп на регионалниот центар за стручно образование и обука), реконструкција на ученичкиот дом ДУД Мирка Гинова Битола и реконструкцијата на ученичкиот дом „Здравко Цветковски" во Скопје.<br><br>На 26.4.2024г. објавена е тендерска постапка за набавка на опрема за ученичките домови. Набавката е завршена и на 21.5.2024г. донесена е Одлука за избор на најповолен понудувач. Во третиот квартал, опремата за ученичките домови е доставена до сите ученички домови. | |
| **Мерка: Реализирање на обуки за воспитниот кадар во ученичките домови за примена на современи методи за настава и воспитување**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување и спроведување на Програма за обука на предлог на Биро за развој на образование | **Појдовна основа**<br>Постои потреба од реализирање на обука за воспитувачите во ученичките домови<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се условите во ученичките домови<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведена е обука за воспитувачите од ученичките домови | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>На 6.3.2024 на веб страната на МОН и БРО објавени се четири модули за мировно образование: Ненасилна комуникација, Управување со конфликти, Врсничка медијација и Ненасилство и насилство. Модулите изработени со поддршка на Меѓаши се наменети и за воспитувачите во ученичките домови. | |
| **Мерка: Систем на стипендирање на** | **Појдовна основа** | **Мерката е реализирана** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ученици (талентирани ученици, ученици од социјално ранливи категории, ученици Роми, ученици на Спортска академија, ученици со посебни образовни потреби......)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Донесување на Одлука за видот и износот на ученичките стипендии од страна на Владата<br>- Објавување на Конкурс за доделување на ученички стипендии за учебната 2024/2025, Конкурс за стипендии за Спортска академија и Конкурс за музички инструменти<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | Законот за ученички стандард, дава законски основ за доделување на стипендии на ученици<br><br>**Показател за успешност:**<br>Доделени се стипендии за ученици по различни основи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведени се конкурсите за доделување на стипендии на ученици за учебната 2024/2025 година | На 15- та седница на Владата, одржана на 27.8.2024г. ја донесе Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта за учебната 2024/2025 година.<br><br>Од 1 до 30 септември траеше постапката за продолжување на правото на користење на ученички стипендии стекнати во минатата уебна година, по пат на електронско пријавување (прикачување на потврда за редовност и последно свидетелство).<br><br>Конкурсите за стипендиите се објавени на веб страната на МОН на 1.10.2024 со рок за електронско пријавување до 15.10.2024г.<br><br>Резултатите за сите стипендии се објавени во текот на месец ноември на веб страната на МОН и учениците се исплатени за месеците септември, октомври, ноември и декември 2024г. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН:** | | | |
| **Зголемени се платите на наставниците и останатте вработени во училиштата од месец октомври 2024** | Склучен е Договор помеѓу МОН и СОНК за зголемување на платата (со платата од октомври 2024) и за континуиран раст на нивните приходи во следните 4 години во износ кој ќе зависи од висината на инфлацијата.<br>Формирана е Работна група МОН - СОНК која работи на изготвување на нов Колективен договор. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | Подигнување на квалитетот на образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот<br>• Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики | |
| **Назив на програма/потпрограма:** КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО | **Цел на програмата/потпрограмата** | **Одговорен:** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД<br><br>**Потпрограми:**<br>• Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование<br>• Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование<br>• Студентски стандард | | - Обезбедување квалитетно и инклзуивно високо образование и унапредување на студентскиот стандард | Сектор за високо образование, Одделение за студентски стандард |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование | | | |
| **Мерка: Изготвување на Извештај за развојот на високото образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Извештај за развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност, кој ќе биде основа за понатамошна изработка на Националната програма | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Иработен Извештај за развојот на високото образование | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Не е подготвен посебен Извештај за развојот на високото обраозвание но изработена е анализа како основа за подготовка на предлог Националната програма за високото образование. | |
| **Мерка: Изготвување на предлог Национална програма за високо образование**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Програма<br>- Јавна расправа по однос на Програмата<br>- Усвојување на Програмата | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесена е Националната програма за високото образование<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвена предлог Национална програма | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>На 26.9.2024г. во просториите на Земјоделскиот факултет во Скопје, организирана е јавна расправа по однос на предлог Националната програма за високо образование по што даден е рок на сите високо-образовни установи да дадт свои забелешки и коментари. Во текот на месец декември собрани се коментарите од јавната расправа со цел ажурирање на предлог програмата пред нејзино усвојување. | |
| **Мерка: Надворешна евалуација на ВОУ** | **Планиран резултат (одредница на** | **Мерката е во тек на реализација** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **со професори од универзитети од земјите членки на Европското здружение за обезбедување на квалитет во високото образование (ENQA)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Формирање на стручните комсии од страна на Агенцијата за квалитет<br>- Организирање обуки за сите членови на стручната комисија, односно стручните комисии.<br>- Номинација на координатор од Агенцијата за квалитет чија задача ќе биде да обезбеди техничка и административна поддршка на стручната комисија, избрана од страна на Одборот за евалуација на високото образование. | **годишно ниво):**<br>Формирани стручни комисии за надворешна евалуација | На 24.12.2024 на веб страната на МОН објавени се Конкурси на Агенцијата за квалитет во високото образование за избор на надворешни експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација на високообразовните установи и студиските програми во Македонија, со рок на пријавување до 13.1.2025г. | |
| **Мерка: Рангирање на универзитетите запишани во регистарот на високообразовни установи и рангирање на сите самостојни научни установи кои вршат високообразовна дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на постапката согласно ЗЈН за избор на правни лице за спроведување на постапката за рангирање<br>- Рангирање на универзитетите | **Појдовна основа:**<br>Со ЗВО е регулирана постапката за рангирање на високо-образовните установи<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Спроведена постапка за рангирање на универзитетите | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2024 година (објавен на системот на БЈН на 24.1.2024), во кој е предвидена и набавка на услуга за рангирање на високообразовните установи, за месец мај 2024<br><br>Не е спроведена постапка за рангирање на високообразовните установи во четвртиот квартал, имајќи предвид дека е формирана Работна група за изработка на измени и дополнувања или нов Закон за високото образование, во кој ќе биде уредена и постапката за рангирање. | |
| **Мерка: Имплементација на Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации помеѓу земјите од Западен Балкан**<br><br>Предвидени активности:<br>- Редовно учество на состаноците на Работната група за академско признавање на квалификации – RCC<br>- Редовно ажурирање на заедничкиот информациски систем<br>- Усогласување на текстот на Договорот за пристап до студии и | **Појдовна основа**<br>Во месец јули 2019, претседателите на Владите од шесте земји на Западен Балкан за усвоија Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации.<br><br>**Показател за успешност:**<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементација на Декларацијата за признавање на високо-образовни квалификации | **Мерката континуирано се спроведува**<br><br>Информацијата со усогласениот текст на Договорот за пристап до високо образование и прием на студии во Западен Балкан е усвоена на 23-та седница на Владата, одржана на 1.10.2024г.<br><br>Договорот е усвоен од страна на сите шест земји од Западен балкан и започната е постапка за ратификација на Договорот од страна на Собранието. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| прием на високообразовани установи во Западен Балкан | | | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Развивање на ефикасен систем за финансирање на високото образование | | | |
| **Мерка:** Утврдување на нов модел за финансирање на високообразовните установи<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка и донесување на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, согласно Законот за високото образование | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Имплементиран е новиот систем на финансирање на високо-образовните установи.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Донесена е Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Во МАНУ одржана е стручна расправа во организација на Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност за Националната програма за високо образование и Уредба за финансирање на ВОУ, на која ректорите на универзитети ги презентираа постојните модели на финансирање. Беа презентирани модели од приватни универзитети како и моделот подготвен во рамки на SKILLS проектот од меѓународниот експерт.<br><br>Формирани се интерни комисии во рамки на Националниот совет за високо образование. | |
| **ПОТПРОГРАМА 3:** Студентски стандард | | | |
| **Мерка: Инвестирање во инфраструктура во студентските домови (реконструкција на студентски домови) и високо-образовни установи**<br><br>Предвидени активности:<br>- Спроведување на постапка за реконструкција на студентските домови од аспект на енергетска ефикасност<br>- Продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје | **Појдовна основа**<br>Склучен е договор за заем со KFW Банката за реконструкција на домовите во насока на обезбедување на енергетски ефикасни домови<br><br>**Показател за успешност:**<br>Реконструирани се два државни студентски дома<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Започнати се постапки (градежни зафати) за енергетски ефикасна реконструкција на студентски домови | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Изготвен и донесен е План за јавни набавки за 2024 година (објавен на системот на БЈН на 24.1.2024),, со кој е предвидена набавка за реконструкција и надзор врз реконструкција на студентските домови.<br><br>Завршена е првата фаза од реконструкцијата на студентскиот дом „Кузман Јосифовски – Питу“ во Скопје (демонтиран е стариот мебел и столарија, електричните и водоводните инсталации, системот за греење... ) Продолжија активостите согласно утврдената динамика во склучениот договор кој предвидува заокружување на активностите во рок од година и половина.<br><br>Во четвртиот кврятал започнаа подготвителните активности за реконструкцијата на СД ,,Стив Наумов”.<br><br>Изработена е тендерската документација за реконструкција на студентските домови од ЛОТ2 (СД „Никола Карев” Охрид, СД ,,Томе Стефановски Сениќ” Скопје, СД „Браќа Миладиновци” Штип и СД ,,Орде Чопела” Прилеп). Поднесени се барања за одобрение за градба до МТВ за СД Никола Карев Охрид и СД Т.С.Сениќ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Во завршна фаза е изработка на проектната документација за студентските домови од ЛОТ3 (СД ,Кочо Рацин” Битола, СД „Пелагонија” Скопје и СД „Гоце Делчев” (кантина) Скопје) по што ќе следи техничка ревизија на истата пред подготовка на тендерска документација.<br><br>Во тек се активности за обезбедување на сите релевантни податоци за продолжување со изградба на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство и Факултет за физичко образование, спорт и здравје. | |
| **Мерка: Доделување на стипендии на студенти (студенти со висок просек, студенти од ранливи категории, студенти Роми, студенти од студиски програми математика, физика, хемија, студенти од наставнички факултети...)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на Конкурс за доделување на студентски стипендии за академската 2024/2025<br>- Формирање на Работни комисии и разгледување на пристигантите барања<br>- Склучување на договори и исплата на стипендиите | **Показател за успешност:**<br>Доделени се стипендиите за студенти<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Доделени стипендии за академската 2024/2025 година | **Мерката е реализирана**<br><br>Конкурсот за доделување на студентски стипендии за академската 2024/2025, е објавен на веб страната на МОН на 1.11.2024г. со рок на пријавување до 15.11.2024г.<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2024г. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г. | |
| **Мерка: Имплементација на Законот за субвенциониран студентски оброк**<br><br>Предвидени активности :<br>- Редовна (месечна) објава на јавниот повик за субвенциониран студентски одброк<br>- Обработка на пристигнатите апликации<br>- Склучување на договори | **Појдовна основа:**<br>Со студентските здруженија договорено е да се подготват измени и дополнувања на Законот за субвенциониран студентски оброк<br><br>**Показател за успешност:**<br>Подобрени се инфраструктурните услови на високо-образовните установи за пристап на студентите со попреченост<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавени се повици за остварување на правото на субвенциониран студентски оброк<br><br>Подготвен е нов предлог Закон за измени и | **Мерката е реализирана**<br><br>На барање на студентите донесени се измени на Законот на субвенциониран студентски оброк (Службен весник бр.30/2024 од 9.2.2024г). со кои исплатата на субвенциониран оброк се врши еднаш неделно (во понеделник за шест дена во неделата).<br><br>Јавните повици редовно се објавуваше во текот на годината, врз основа на кои тековно се разгледуваа и обработуваа пристигнатите апликации.<br><br>Врз основа на барањето на универзитетското студентско собрание, студентите кои во академската 2024/2025 година се запишуваа во прва година, до 5 септември исто така можеа да аплицираат за студентски оброк, по што проверката на запишан студент се спроведуваше електронски од страна на МОН и универзитетите | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | дополнувања на Законот за субвенциониран студентски оброк | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | | |
| **ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СПРОВЕДЕНИ, А НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ:** | | | |
| **Националното координативно тело за реформи во високото образование, науката, истражувањето и развојот** | Формирано е Национално координативно тело за реформи во високото образование, науката, истражувањето и развојот во кое членуваат претставници на институции како МОН и Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност, претставници на универзитетите и Интеруниверзитетската конференција, на студентите, на бизнис заедницата и граѓанските здруженија. Националното координативно тело ќе направи анализа на состојбата во областите каде ќе делува, а потоа ќе предложи конкретни активности кои нема да бидат обврска само на една институција или страна. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетитеи и целите на министерството:** | | Унапредување на човечкиот капитал, зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите<br><br>• Зголемено вложување и развој на науката, истражувањето и иновациите | |
| **Назив на програма/потпрограма:** ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ<br>**Потпрограми:**<br>• Ревизија на правната рамка за истражување и развој<br>• Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност<br>• Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување | | **Цел на програмата/потпрограмата**<br>- Меѓународна афирмација на науката и иновациите во контекст на европската интеграција на Република Северна Македонија | **Одговорен:**<br>Сектор за наука и иновации<br>Сектор за меѓународна соработка |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/Активност:** | **Показател на резултат со појдовна основа** | **Оценка на напредокот во постигнување на резултатите и целите на** | **Коментар** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **и планираниот резултат на годишно ниво** | **програмата** | |
| **ПОТПРОГРАМА 1:** Ревизија на правната рамка за истражување и развој | | | |
| **Мерка: Донесување на нов Закон за научно-истражувачка дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог-закон<br>- Консултација со научната јавност<br>- Донесување на Законот од страна на Собранието | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачката дејност е донесен во 2008 година и има над 10 измени<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесен нов Закон за научно-истражувачка дејност<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвен нов Закон за научно-истражувачката дејност | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Формирана е Работна група составена од претставници на МОН, јавните универзитети, јавните научни устнови, Националниот совет за високо образование и наука која работи на измени и дополнувања или нов Закон за научно истражувачката дејност. Одржани се неколку состаноци на Работната група | |
| **Мерка: Стратегија за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Реализација на Акцискиот план за имплементација на Стратегијата – активностите предвидени за 2024 | **Појдовна основа**<br>Во декември 2023 усвоена е Стратегијата за паметна специјализација<br><br>**Показател за успешност:**<br>Имплементиран е Акцискиот план 2024-2025 согласно Стратегијата за паметна специјализација (Smart Specialization Strategy – S3).<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Имплементирани се предвидените активности за 2024 од Акцискиот план 2024-2025 согласно Стратегијата за паметна специјализација | **Мерката е во тек на реализација**<br><br>Во првиот квартал организирани се промотивни активности за стратегијата и објавен е повик за додлеување на грантови за соработка помеѓу бизнис заедницата и академијата, во износ до 50.000 евра. На повикот се доставени 22 пријави, а доделени се 4 гранта.<br><br>На 19.7.2024 на веб страната на МОН објавен е Конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор и трет циклус во странство за академската 2024/2025 година, во областите согласно Стратегијата за паметна специјализација.<br><br>На 26.9.2024 на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за доделување 20 стипендии за академски студии од трет циклус во земјата за академската 2024/2025 година, од кои пет (5) стипендии чија тема на истражување е во корелација и соодветствува со целите и дефинираните приоритети во Стратегијата за паметна специјализација со фокус на дигитална и зелена транзиција. Рок на пријавување до 18.11.2024<br><br>На 17.12.2024 на веб страната на МОН објавени се резултатите по Конкурсот. Доделени се четири стипендии и исплатени се за месеците октомври, ноември и декември 2024г. | |
| **ПОТПРОГРАМА 2:** Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност | | | |
| **Мерка: Извештај за развојот на научно-истражувачката дејност и нејзината** | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви | Не е подготвен посебен Извештај за развојот на научно-истражувачката дејност, но изработена е анализа како основа за подготовка на предлог | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **усогласеност со европските и меѓународните трендови, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на научно-истражувачката**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Извештајот од страна на Националниот совет | четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти.<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Иработен Извештај за развојот на научно-истражувачката дејност | Националната програма за научно-истражувачката дејност | |
| **Мерка: Национална програма за научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изработка на Национална програма за научно-истражувачката дејност | **Појдовна основа**<br>Националниот совет подготви четиригодишна и годишна програма за работа со утврдени рокови за изработка на потребните документи и акти.<br><br>**Показател за успешност:**<br>Донесена е Национална програма за научно-истражувачка дејност<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Изготвена предлог Национална програма | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>На 26.9.2024г. во просториите на Земјоделскиот факултет во Скопје, организирана е јавна расправа по однос на предлог Националната програма за научно-истражувачката дејност по што даден е рок на сите високо-образовни и научни установи да дадт свои забелешки и коментари. Во текот на месец декември собрани се коментарите од јавната расправа со цел ажурирање на предлог програмата пред нејзино усвојување. | |
| **Мерка: Уредба за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност**<br><br>Предвидени активности:<br>- Изготвување на предлог Уредба од страна на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавени се јавните повици за доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата | **Мерката е во тек на имплементација**<br><br>Интерни комисии во рамки на Националниот совет работат на предлог Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на научно-истражувачката дејност. | |
| **Мерка: Доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство и за организирање на научни собири во земјата како и за** | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни | **Мерката е реализирана**<br><br>На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2024 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **студиски престои во странство**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавени се јавните повици за доделување на финансиски средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата | Прифатени/ одобрени и исплатени се 17 апликации. Одбиени се 5 апликации кои не ги исполнуваат условите.<br><br>На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 4 апликации. Одбиена е 1 апликација која не ги исполнува условите.<br><br>На 29.11.2024 објавени се резултатите по Конкурсот за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири во странство за 2024 година. Прифатени/ одобрени и исплатени се 70 апликации. Одбиени се 5 апликации кои не ги исполнуваат условите, а 3 апликации се повлечени. | |
| **Мерка: Доделување на финансиски средства за објавени научно-истражувачки трудови од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор)**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е јавниот повик за доделување на финансиски средства за објавени научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание | **Мерката е реализирана**<br><br>Заврши пријавувањето по Јавниот конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2023 година (со рок на пријавување до 30 септември 2024 година).<br><br>На 4.11.2024г. објавено е решението за финансирање на 358 прифатени барања за научно-истражувачки трудови од домашни автори објавени во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (импакт фактор) за 2022 година и истите се целосно исплатени (85 труда од областа на природно-математичките науки, 77 труда од областа на техничко-технолошки науки, 26 труда од областа на био-технички науки, 55 труда од областа на медицински науки, 57 труда од областа на општествеии науки и 58 труда од областа на хуманистички науки) | |
| **Мерка: Доделување на надомест на средства за објавување на трудови преку Конкурс**<br><br>Предвидени активности:<br>- Објавување на повик од страна на МОН<br>- Формирање на комисија<br>- Одлучување по поднесени апликации<br>- Исплата на одобрените апликации | **Појдовна основа**<br>Законот за научно-истражувачка дејност предвидува законски основ за доделување на средства за за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и за организирање на научни собири во земјата, и за објава на научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание<br><br>**Планиран резултат (одредница на годишно ниво):**<br>Објавен е јавниот повик за доделување на надомест на средства за објавување на трудови преку Конкурс | **Мерката е реализирана**<br><br>Донесена е одлука по Јавниот конкурс за доделување на надомест на средства платени за објавување на научни трудови во 2023 година и истите се целосно исплатени. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација со Предлог-одлука за давање одобрение за основање на Интернационално приватно средно училиште „Вингс“ Скопје | Усвоена на 25-та седница, одржана на 8.10.2024 |
| Закон за изменување на Законот за иновациската дејност, по скратена постапка | Утврден на 25-та седница, одржана на 8.10.2024 |
| Закон за изменување на Законот за научно-истражувачката дејност, по скратена постапка | Утврден на 25-та седница, одржана на 8.10.2024 |
| Закон за изменување на Законот за ученичкиот стандард, по скратена постапка | Утврден на 25-та седница, одржана на 8.10.2024 |
| Закон за изменување на Законот за студентскиот стандард, по скратена постапка | Утврден на 25-та седница, одржана на 8.10.2024 |
| Закон за изменување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, по скратена постапка | Утврден на 25-та седница, одржана на 8.10.2024 |
| Закон за изменување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, по скратена | Утврден на 25-та седница, одржана на 8.10.2024 |

| | |
|---|---|
| постапка | |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Реконструкција и адаптација на кабинети и работилници во ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски”, општина Охрид | Усвоена на 26-та седница, одржана на 16.10.2024 |
| Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за Реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Василево и Услуги за вршење на стручно технички надзор врз Реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“ | Усвоена на 26-та седница, одржана на 16.10.2024 |
| Дванаесет (12) информации за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии, со Предлог - решение | Усвоени на 26-та седница, одржана на 16.10.2024 |
| Одлука за изменување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот студентски дом „Скопје“ – Скопје | Усвоена на 26-та седница, одржана на 16.10.2024 |
| Осум (8) одлуки за давање на трајно користење на движни ствари на општините за потребите на основните училишта (ИТ и мрежна опрема) | Усвоени на 26-та седница, одржана на 16.10.2024 |
| Одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма АА Инфраструктурни проекти во општините - 488 Капитални расходи во Буџетот на Министерството за образование и наука за 2024 г. | Усвоена на 26-та седница, одржана на 16.10.2024 |
| Дваесет и три (23) информации за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии, со Предлог - решение | Усвоени на 27-та седница, одржана на 22.10.2024 |
| Информација за потребата од обезбедување на Заем од Банката за Развој при Совет на Европа-ЦЕБ за финансирање на активностите за изведба и опремување на училишни спортски сали и вршење на стручно технички надзор над изведбата во рамките на проектот „Изградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во РС Македонија“ | Усвоена на 27-та седница, одржана на 22.10.2024 |
| Дваесет и една (21) одлука за давање на трајно користење на движни ствари на општините за потребите на основните училишта (ИТ и мрежна опрема) | Усвоени на 27-та седница, одржана на 22.10.2024 |
| Одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад | Усвоена на 29-та седница, одржана на 5.11.2024 |
| Одлука за изменување на Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ТА Изградба на основни училишта во Категорија 48 Капитални расходи во Потпрограма ТВ Изградба на училишни спортски сали во категорија 48 Капитални расходи во Буџетот на Министерството за образование и наука за 2023 година | Усвоена на 30-та седница, одржана на 12.11.2024 |
| Информација за напредокот и потребата од дополнително финансирање и продолжување на Проектот за унапредување на основното образование | Усвоена на 30-та седница, одржана на 12.11.2024 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Аеродром | Усвоена на 30-та седница, одржана на 12.11.2024 |
| Информација за Меморандум за разбирање и соработка меѓу Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Министерството за образование, наука, технологија и иновации на Република Косово | Усвоена на 32-та седница, одржана на 16.11.2024 |
| Седумнаесет (17) одлуки за давање на трајно користење на движни ствари на општините за потребите на основните училишта (ИТ и мрежна опрема) | Усвоени на 33-та седница, одржана на 19.11.2024 |
| Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државното средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Моша Пијаде“ – Тетово | Усвоена на 33-та седница, одржана на 19.11.2024 |
| Шест (6) информации за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии, со Предлог - решение | Усвоени на 35-та седница, одржана на 26.11.2024 |
| Десет (10) одлуки за давање на трајно користење на движни ствари на општините за потребите на основните училишта (ИТ и мрежна опрема) | Усвоени на 35-та седница, одржана на 26.11.2024 |
| Закон за престанување на важењето на Законот за основање на Национална агенција за нуклеарни технологии на Република Македонија | Утврден на 36-та седница, одржана на 3.12.2024 |
| Закон за Националната рамка на квалификации | Утврден на 36-та седница, одржана на 3.12.2024 |
| Одлука за изменување на одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за | Усвоена на 38-та седница, одржана на 10.12.2024 |

| | |
|---|---|
| инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2024 г. | |
| Програма за изменување на програмата за научно - истражувачка дејност за 2024 година | Усвоена на 39-та седница, одржана на 14.12.2024 |
| Програма за изменување на програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2024 | Усвоена на 39-та седница, одржана на 14.12.2024 |
| Програма за изменување на програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2024 | Усвоена на 39-та седница, одржана на 14.12.2024 |
| Програма за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2024 година | Усвоена на 39-та седница, одржана на 14.12.2024 |
| Програма за изменување и дополнување на програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2024 година | Усвоена на 39-та седница, одржана на 14.12.2024 |
| Одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија | Усвоена на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје | Усвоена на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола | Усвоена на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Никола Карев“ Охрид | Усвоена на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје | Усвоена на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Одлука за доделување на средства на Државиот студентски дом ,,Томе Стефановски Сениќ “ Скопје | Усвоена на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип | Усвоена на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп | Усвоена на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Девет (9) информации за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии, со Предлог - решение | Усвоени на 40-та седница, одржана на 17.12.2024 |
| Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународна политика“ на Правен факултет во Кичево, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, со Предлог - решение | Усвоена на 41-та седница, одржана на 24.12.2024 |
| Информација со иницијатива за задолжување со цел енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и реконструкција на државни училишта за ученици со посебни потреби | Усвоена на 42-та седница, одржана на 31.12.2024 |
| Одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното општинско училиште „Коле Нехтенин“ Штип | Усвоена на 42-та седница, одржана на 31.12.2024 |
| Одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов“ Битола | Усвоена на 42-та седница, одржана на 31.12.2024 |
| Одлука за доделување на средства на ЈСП од Буџетот за 2025г. | Усвоена на 42-та седница, одржана на 31.12.2024 |

## 2.3 В: Мерки и активности кои произлегуваат од работата на Министерството за образование и наука

<table>
<tr><td colspan="2">ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА: Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година<br>Согласно член 42 од Законот за средното образование, Министерството за образование и наука објавува Конкурс за запишување ученици во јавните средни училишта во средствата за јавно информирање. При запишувањето во прва година учениците се определуваат за образование на одреден план и програма</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показател за успешност: Објавен Конкурс во законски предвидениот рок</td></tr>
<tr><td>Активност:</td><td>Статус: Реализирано</td></tr>
<tr><td>Утврдување на слободни места за упис во средните училишта, во соработка со сите засегнати чинители</td><td rowspan="2">Утврден е бројот  на слободни места за упис во средните училишта, во соработка со сите засегнати чинители (целосно усогласен согласно потребите на пазарот на трудот)<br><br>Објавен е Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2024/2025 година во средствата за јавно информирање во законскиот рок (На 28.3.2024 година на веб</td></tr>
<tr><td>Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | страната на МОН) |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување и прием на ученици во општинските и државните ученички домови<br>Согласно член 27 од Законот за ученичкиот стандард, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување и прием на ученици во општинските и државните ученички домови | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Усогласување на квотите со сите ученички домови | Усогласени се квотите со сите ученички домови. |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | Објавен е Конкурсот во законскиот рок, во пишани медиуми и на веб страната на МОН на 27.3.2023 година |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за стипендии за студенти кои студираат во странство (за некој од најдобрите универзитети во светот)<br>Согласно член 49 став 2 од Законот за студентскиот стандард и член 52 од Законот за научно-истражувачката дејност, Министерството објавува Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во странство | |
| **Показател за успешност:** Објавени Конкурси на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурси | На 14.2.2024г на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за доделување стипендии за академски студии од прв циклус во странство за академската 2024/2025 година, со рок на пријавување до 13.9.2024г. |
| Објава на Конкурс за студии од прв циклус | |
| Објава на Конкурс за студии од втор и трет циклус | Конкурсите за втор и трет циклус на студии се објавени на 19.7.2024г. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки<br>Согласно член 45 од Законот за основното образование и член 24-б од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината | |
| **Показател за успешност:** Објавени јавни повици на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик за основно образование и Јавен повик за средно образование | На 1.4.2024 објавен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда или златен, сребрен, односно бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки, во основно образование. |
| Објава на Јавните повици на интернет страницата на МОН и нивно проследување до сите училишта | На 29.3.2024г. на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки во средно образование. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на средства на акредитираните здруженија на наставници за учество на еден меѓународен натпревар (за трошоците за котизација и пат на најмногу шест ученици и најмногу три ментори, чија бројка зависи од правилата на организаторите на меѓународниот натпревар)<br>Согласно член 45 од Законот за основното образование Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, во првите три месеци од годината | |
| **Показател за успешност:** Објавен јавен повик на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирао** |
| Изготвување на предлог Јавен повик | На 16.2.2023 на веб странатa на МОН објавен е Јавен повик за покривање на трошоци за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар во текот на 2024 година од областа на математиката, информатиката и природните науки, со рок на пријавување до 31.10.2024г. |
| Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad),<br>Согласно член 24-б од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината | |
| **Показател за успешност:** Објавен јавен повик на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Јавен повик | На 29.3.2024 на веб странатa на МОН објавен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата (за средно образование),. |
| Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН и негово проследување до сите училишта | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за доделување на наградата „Гоце Делчев” во 2024 година<br>Со наградата „Гоце Делчев” се оддава општествено признание за особено значајно остварување во сите области од науката од интерес на земјата.<br>Наградата во 2024 година се доделува за научна книга или дело објавено во 2023 година. | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Спроведување на Конкурсот за доделување на наградата „Гоце Делчев” во 2024 година | Конкурсот за доделување на наградата „Гоце Делчев“ во 2024 година е објавен на веб страната на МОН на 29.12.2023 г. |
| Доделување на наградата | Предлози за доделување на наградата и примероци од научните остварувања се доставуваа до Министерството за образование и наука - Одбор за доделување на наградата „Гоце Делчев”, заклучно со 15.2.2024 година, и во тек е нивна евалуација од страна на Одборот.<br><br>Завршена е евалуацијата од страна на Одборот за доделување на наградата „Гоце Делчев” и на 4.5.2024г. свечено се доделени наградите на професор доктор Роберт Хадсон и професор доктор Иван Додовски за делото „Долга транзиција на Македонија: од независноста до Преспанскиот договор и потоа“, како и доктор Ана Мартиноска и магистер Жарко Иванов за делото „Тажачки песни од скопскиот земјотрес во 1963 година“ – од архивските материјали на Васил Хаџиманов. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученичките стипендии<br>Врз основа на член 54 став 10 од Законот за ученичкиот стандард, Владата носи Одлука за бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученичките стипендии, на предлог на Министерството за образование и наука | |
| **Показател за успешност:** Донесена Одлука и објавена во Службен весник | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Одлука | Одлуката е усвоена на 15-та седница на Владата, одржана на 27.8.2024.<br><br>Коннкурсите се објавени на веб страната на МОН на 1.10.2024 со рок за електронско пријавување до 15.10.2024 |
| Усогласување на одлуката со Секретаријат за законодавство и Министерство за финансии | |
| Донесување на Одлуката од страна на Владата и нејзино објавување во Службен весник | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за запишување и прием на студенти во студентски домови<br>Согласно член 24 од Законот за студентскиот стандард, Министерството за образование и наука објавува конкурс за запишување и прием на студенти во студентските домови | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс во законски предвидениот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Усогласување на квотите со сите студентски домови | Собрани се податоци од студентските домови за слободни места за сместување (квоти) и објавен е Конкурсот за сместување |
| Објава на Конкурсот во средствата за јавно информирање | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Одлука за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Републиката (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров)<br>Согласно член 51 став 1 од Законот за студентскиот стандард Министерството може да доделува стипендии на странски државјани согласно со одлука на Владата, доколку доделувањето на стипендијата е од интерес за Републиката | |
| **Показател за успешност:** Донесена Одлука и објавена во Службен весник | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Одлука | Одлуката е донесена на 6-та седница на Владата, одржана на 16.7.2024г.<br><br>Резултатите од Конкурсот за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Република Северна Македонија за студиската 2024/2025 година за студенти со македонско потекло кои живеат во државите на Балканскиот полуостров, се објавени на веб страната на МОН на 30.8.2024г. |
| Усогласување на одлуката со Секретаријат за законодавство и Министерство за финансии | |
| Донесување на Одлуката од страна на Владата и нејзино објавување во Службен весник | |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во земјата<br>Согласно член 49 став 1 од Законот за студентскиот стандард, Министерството објавува Конкурс за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во земјата | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс на почетокот на академската 2024/2025 година, на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |

| | |
|---|---|
| Изготвување на предлог Конкурс<br>Објава на Конкурсот на интернет страницата на МОН (четврт квартал) | Конкурсите се објавени на веб страната на МОН со рок на пријавување до 15.11.2024г.<br><br>Резултатите се објавени на веб страната на МОН на 18.12.2024г. Стипендистите се исплатени за месеците октомври, ноември и декември 2024 г. |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Конкурс за поврат на средства за купен музички инструмент<br>Согласно член 3 од Законот за поддршка на млади при купување на музички, Министерството објавува Конкурс, на почетокот на секоја учебна, односно академска година, на својата интернет страница | |
| **Показател за успешност:** Објавен Конкурс на почетокот на учебната, односно академската 2024/2025 година, на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог Конкурс<br>Објава на Конкурсот на интернет страницата на МОН (четврт квартал) | Конкурсот за поврат на средства за купен музички инструмент за учебната/академската 2024/2025 година е објавен на веб страната на МОН на 11.11.2024 |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Календар за организација и работа на училишта во учебната 2024/2025<br>Врз основа на член 52 став 3 од Законот за основното образование и член 23 став 3 од Законот за средното образование, министерот носи Календар за организација на училиштата | |
| **Показател за успешност:** Објавени Календари во законскиот рок | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување и објава на Календар за организација и работа на основните училишта во учебната 2024/2025<br>Изготвување и објава на Календар за организација на учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта | Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2024/2025 е објавен во Службен весник бр.164/2024 од 8.8.2024<br><br>Календарот за организација и работа на средните училишта во учебната 2024/2025 е објавен во Службен весник бр.164/2024 од 8.8.2024 |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Јавен повик за доделување на средства за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата<br>Согласно член 46 од Законот за основното образование и член 24-в од Законот за средното образование, Министерството објавува Јавен повик, на веб страницата на МОН, еднаш во годината во октомври | |
| **Показател за успешност:** Објавен Јавен повик на интернет страницата на МОН | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Изготвување на предлог јавен повик<br>Објава на Јавниот повик на интернет страницата на МОН и негово проследување до сите училишта | На 30.10.2024 на својата веб страна МОН го објави Јавниот повик за доделување на грантови за основните и јавните средни училишта, кои придонесуваат за равој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата. Активностите кои ќе бидат поддржани со грант, може да се реализираат самостојно во училишта во кое наставата се одржува на повеќе наставни јазици, или во партнерство со друго училиште.<br><br>Рокот за е-аплицирање траеше до 1.12.2024г. Формирана е Комисија за разгледување на апликациите составена од сите релевантни чинители (МОН, ДПИ, БРО) . |

| | |
|---|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА** Изготвување на предлог програми за 2025 година | |
| **Показател за успешност:** Изготвени, усогласени програми со сите релевантни институции и поднесени во владина процедура на усвојување | |
| **Активност:** | **Статус: Реализирано** |
| Програма за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2025 година | Врз основа на законот за извршување на Буџетот за 2025г. изготвени се предлог Програмите и истите се доставени во владина постапка на усвојување. Програмите се усвоени на 43-та седница на Владата одржана на 14.1.2025г. |
| Програма за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2025 година | |
| Програма за научно-истражувачката дејност за 2025 година | |
| Програма за изградба и реконструкција на основни училишта за 2025 | |

# 1. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Во 2024 година од страна на Институтот за образовни политики на Унеско доставен е финалниот Извештај со препораки по однос на спроведената сеопфатна анализа на образовниот систем во земјата во соработка со МОН и образовните институции а финансирана од страна на Европската комисија. Оваа анализа опфати неколку важни сегменти/поглавја како пристап и правичност, квалитет, релевантност/поврзасност со пазарот на трудот, управување и трошоци и финансирање. Исто така, вклучува и воведно поглавје кое дава преглед на срединатa/околностите во која/и се развива образовниот сектор. Анализата го покрива периодот 2010-2023 година и ги зеде превид квантитативните и квалитативните информации од различни извори и постоечки извештаи, вклучително и административни податоци за образованието, проценки за учењето, анкети на домаќинствата од ДЗС, податоци за човечките ресурси и финансиски податоци. Дополнително, беа спроведени конкретни и посветени интервјуа со релевантни чинители.

Извештајот кој е јавно објавен на веб страната на Министерството ги содржи следните наоди кои се однесуваат на околностите и ризиците:

- Популацијата на училишна возраст се намалува, што предизвикува помал притисок врз образовниот систем
    - Помеѓу 2002 и 2021 година, населението на училишна возраст е намалено за 31%, од 585.980 ученици (на возраст од 3-21 година) на 403.627, со просечно годишно намалување од 1,94%.
    - Ова бара прилагодување на капацитетите на училишниот систем да се справат со сè помалиот број ученици на кои им треба школување.
    - Ќе биде потребен зголемен пристап до доживотното учење за да се стекне постарата работна популација со потребните вештини за современото работно место.
    - Постојат големи разлики во распределбата на населението низ земјата. Зголемување на населението главно има во Градот Скопје, а најголем степен на намалување на населението има во западниот дел од државата
    - Просечната густина на населеност е мала и изнесува 72 жители на квадратен километар, во споредба со просекот од околу 112 во ЕУ
    - 61,6% од населението живее во урбани средини, а во 38 од 80 општини мнозинството од општинското население живее во урбани срединиПостојат големи разлики во распределбата на населението низ земјата
- Етнички и јазично разновидно население
    - Мнозинството од населението зборува македонски (61%) и албански (24%), и неколку помали етнолингвистички малцински групи.
    - Децата имаат право да учат на својот мајчин јазик во основно и средно образование.
    - Во некои случаи, ова придонесува за сегрегирани паралелки и училишта за деца од различни етникуми (потенцијално влијае на социјалната кохезија; големи трошоци)

- Клучните социјални и здравствени индикатори постојано се подобруваат во текот на изминатите две децении
    - Очекуваниот животен век при раѓање се зголеми за речиси две години од 2002 до 2022 година
    - Стапката на смртност под 5 години е повеќе од преполовена, од 13,6% во 2000 година на 4,9% во 2021 година, како што е и застојот во растот кај децата под 5 години, од 9% во 2005 година на 4,3% во 2018 година.
    - Нивото на сиромаштија се намали од 10,4% во 2010 година на 3,4% во 2019 година. Сепак, националните бројки кријат регионални и етнички разлики, бидејќи некои групи остануваат постојано маргинализирани во споредба со општата популација
- Пристапот до ИКТ опрема е глобално висок.
    - Мнозинството од населението има пристап до телевизија и мобилни телефони (100%), но компјутерот (69,5%) и пристапот до интернет (81,5%) се поограничени, особено меѓу најсиромашните и Ромите (MICS 2018/19 )
- Ромите остануваат најмаргинализираното малцинство
    - Ромското етничко малцинство има значително полоши социјални показатели од националниот просек.
    - Девојките и жените Роми се особено изложени на ризик со високо ниво на детски брак (22,6% кај 15-19 години).
    - Тоа претставува посебна закана за побарувачката и завршувањето на школувањето за девојчињата Роми
- Рангирањето на ИЧР (Индекс на човечки капитал) покажува подобрување во последните 20 години
    - Во 2021 година, рангирањето на ИЧР на Северна Македонија беше 78 (од 191 земја и територии во светот) со оценка за ИЧР од 0.770, ставајќи ја во втората највисока група на „висок човечки развој“.
    - Рангирањето на Северна Македонија е зад земјите од Западен Балкан
    - Субнационалниот ИЧР покажува дека југоисточниот и североисточниот регион се пообесправени, додека Скопје, Пелагонија и Вардар се најповолни.
    - Индексот на родова нееднаквост изнесува 0,134 во 2021 година (рангирајќи ја РСМ на 37 место од сите земји) и укажува на ниска нееднаквост меѓу мажите и жените во Северна Македонија.
- Генерален стабилен економски раст, со шокови од Ковид-19 и војната во Украина
    - Државата бележи стабилен економски раст во последната деценија, но Ковид-19 и војната во Украина донесоа значителни шокови во економијата. И покрај нарушеното закрепнување од пандемијата на краток рок, среднорочните економски изгледи на земјата се ветувачки.
    - Северна Македонија преминува кон економија водена од терциерниот сектор, што повлекува промена во потребите за вештини на пазарот на трудот.
    - Владата прави напори да ги зголеми приходите, бидејќи соодносот на данокот и БДП останува релативно низок.
    - Потребни се повеќе финансиски напори за поддршка на квалитетно образование за сите.

## 2. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Образованието како еден од столбовите на државата за остварување на целите кои ги очекува нацијата треба да биде структурирано според потребите на државата и пазарот на труд. Квалитетно основно образование креира човечки капитал со развиени вептини, јазична писменост, математички знаења, критичко мислење и емпатија.

Оттаму, особено е значајно да продолжи етапно да се имплементира ревидираната Концепција за основно образование, со воведување на нови наставни програми и имплементација на Водичот за слободни изборни предмети.

Согласно можностите и капацитети на училиштата, организирањето и реализацијата на престојот на учениците во основните училишта треба да се изведува во една целодневна смена. Потребата за подолг престој на учениците во училиште, не само за време на наставата, туку и после тоа, е поттикната од различни образовни, социјални и развојни фактори. Продолжувањето на училишниот ден и добро структурираниот дневен распоред во училиштата промовира холистички развој на учениците преку балансирање на академските, креативните и рекреативните активности.

Значајно е да се донесе нов Закон за средно образование и Концепција за средно образование (врз основа на сеопфатна јавна расправа) и да се изработат нови наставни програми за средно образование базирани на национални стандарди за постигањата на учениците.

Компетенциите за доживотно учење преточени во Националните стандарди, а посебно оние кои се однесуваат на вештините за креативно изразување, критичко размислување, комуникација и соработка треба да бидат интегрирани во сите наставни програми и да бидат дел од секој час, на ист начин како јазичната и математичката писменост. Исто така, дигиталната интеграција е основа на новото образование, но не само преку едноставно „додавање“ ИКТ на постојните наставни методи. Дигиталната технологија мора да се применува на начин кој им е од непосредна корист на учениците. Тука спаѓа и подготвувањето на учениците за комбиниран пристап на учење (blendid learning) преку дигитални платформи или преку настава од далечина во различни услови, како и користењето на дигитална технологија како поддршка на инклузијата на децата со попреченост во редовната настава.

Пристапот до квалитено образование е исклучително важен, особено за децата од ранливите средини. Притоа, не е важно тие само да посетуваат училиште, туку и да ги научат вештините кои се бараат на пазарот на трудот. За таа цел реформите на системот на стручно образование и обука треба да продолжат и во 2025 година согласно новиот Закон за стручно образование и обука.

Врз основа на искуствата од имплементација на моделот за кариерен развој на наставнците во основното образование, важно е да се имплементира и моделот за кариерен развој на наставниците во средно образование, и за стручните работници во основните и средните училишта. Важно е и да се продолжи со унапредување на системот за професионален развој на наставниците и да се осигура дека професионалните потреби на поединечните наставници се задоволени. По примерокот на изработка на Каталози за акредитирани програми за обука за наставници и стручни соработници изработен во 2022 г. за основно образование, треба да се изработат и за средно образование.

Обезбедување на квалитет може да доведе до посилен, поодговорен и порелевантен образовен систем. Механизмите за обезбедување квалитет се од суштинско значење за да се обезбеди квалитетна настава и добро владеење на ниво на образовни институции и на ниво на систем. Ефективното обезбедување квалитет бара соодветно и редовно следење на резултатите на учениците и перформансите на образовните институции, но исто така и механизми за поддршка со кои ќе им се помогне да се справат со предизвиците со кои се соочуваат, и, на крајот, ефективно законодавство кое овозможува да се преземат мерки кога образовните институции работат под задоволителното ниво. Потребните реформи за модернизирање на политиката и практиката за оценување на учениците се веќе започнати, но потребна е поддршка за нивно окрупнување и градење институционални капацитети. Државниот испитен центар (ДИЦ) претставува добро воспоставена институција за спроведување на широк опсег на проценки, вклучувајќи тестирања со висок влог и тестирања врз основа на примерок.

Клучно е да се напомене дека инвестирањето во образовнаието не подразбира само по себе зголемување на финансиските средства кои се одвојуваат за таа намена. Повеќе средства, доколку не се користат соодветно, не мора да значи дека ќе доведат до подобрување на образованието. Еден од начините за подобрување на ефикасноста и на резултатите на образовниот систем е промена на системот на финансирање на училиштата со помош на формула. МОН започна со ревизија на начинот на финансирање на основното и средното обраозвание и изработи предлог нов модел за финансирање, кој е важно да се утврди во текот на 2025г. и да почне да се имплементира од 2026 година. Преку јасно утврдените стандарди за различните типови трошоци се очекува да се зголеми ефикасноста во трошењето на буџетските средства и следењето на реализацијата на буџетите да биде поедноставно и транспарентно, а со тоа да се поттикне и поголема отчетност од страна на училиштата и општините. Паралелно со промена на системот на финансирање треба да се спроведе и оптимизација на училишната мрежа на ниво на општина, согласно утврдени планови за омптимизација.

Паралелно со примена на системот за финансирање на основното и средното образование, треба да се разботи и на промена на моделот за финансирање на високообразовната и научната дејност во земјата, преку изработка на нови уредби од страна на Националниот совет за високо образование и научно-истражувачката дејност.

Започнат е процес на воспоставување и консолидирање на систем за обезбедување квалитет во високото образование. Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО) започна со работа во 2020 година според новиот Закон за високо образование, но досега не е спроведена институционална евалуација од страна на агенцијата. Новите правилници за евалуација и акредитација, усогласени со Европските стандарди и упатства за обезбедување квалитет, се усвоени во 2022г.. Имплементацијата на стандардите за обезбедување квалитет во високото образование е од големо значење за постигнување полноправно членство во Европската мрежа за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA), бидејќи Република Северна Македонија во моментов е само придружна членка.

**Листа на кратенки, употребени во Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за 2024:**

| | |
|---|---|
| МОН | Министерство за образование и наука |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |
| ЦСОО | Центар за стручно образование и обука |
| УРУОЈПЗ | Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| НРК | Национална рамка на квалификации |
| ПЕИП проект | Проект за унапредување на основно образование |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕТФ | Европска тренинг фондација |
| НАЕОПМ | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗОО | Закон за основното образование |
| ЗСО | Закон за средното образование |
| ИОП | Индивидуален образовен план |
| ЗВО | Закон за високото образование |

Бр. 01-4691/1
20.3. 2025 година
Скопје

Министер,
проф. д-р Весна Јаневска с.р.

Подготвиле:
Билјана Трајковска, државен советник за стратешко планирање и економски анализи
Елена Ивановска, раководител на сектор за стратешко планирање
Славица Мирческа Атовска, советник за стратешко планирање
Кети Костовска, раководител на одделение за аналитика и истражување на развојно образовни политики